# МАКЕДОНИЈА КАКО МУЛТИКОНФЕСИОНАЛНО ОПШТЕСТВО

***-перцепции за влијанието меѓу религијата и државата-***

**Владимир Божиновски**

со вовед на **Марјан Николовски**

# ИМПРЕСУМ

**Наслов:**
МАКЕДОНИЈА КАКО МУЛТИКОНФЕСИОНАЛНО ОПШТЕСТВО
-перцепции за влијанието меѓу религијата и државата-

**Издавач:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија

**Автори:**
Владимир Божиновски
Марјан Николовски

**Координација:**
Роберт Јанев

**Компјутерска подготовка и печат:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Тираж:**
200 примероци

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**
http://www.kas.de/mazedonien/mk/

**Напомена:**

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на фондацијата Конрад Аденауер. Одговорноста за информациите содржани во оваа публикација е на авторите.

# СОДРЖИНА

ВОВЕД.....5

МАКЕДОНИЈА КАКО МУЛТИКОНФЕСИОНАЛНО ОПШТЕСТВО
-перцепции за влијанието меѓу религијата и државата-.....15

Користена методологија.....16

Истражувања и анализа.....17

Религија и дијалог.....17

Религијата во политички кампањи
-користењето на религијата во предизборни кампањи-.....27

Религија-Политика-Општество
-влијанието на религијата во политиката и општеството-.....37

Образование и Религија.....48

Религија и познавањето на светите книги (Библија и Куран).....58

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД ИСТРАЖУВАЊАТА.....67

Религија и дијалог.....67

Религијата во политичките кампањи.....69

Религија-Политика-Општество
-влијанието на религијата во политиката и општеството-.....71

Образование и религија.....73

Религија и познавањето на светите книги (Библија и Куран).....75

# ВОВЕД

Македонскиот модел на мултикултутно и мултиетничко општество во основа е општество кое функционира по принципот на сличност на мултиетничноста и мултирелигиозноста. Тоа  практично значи дека етничката припадност на една етничка заедница во голем дел се поклопува со верската припадност на таа заедница. Македонците како православни Христијани, Албанците како Муслимани. Ваквиот  религиски и верски аспект е исклучително сензитивен и чувствителен. Етничките конфликти лесно можат да се трасформираат и во верски конфликти, што пак за ваква структуираност на едно општество е исклучително опасна состојба.

Еден од начините како да се превинира таквата состојба е постојано да се надоградува принципот на меѓуверско почитување. Тоа е процес кој во основа мора да оди и директно е врзан со институциите во државата кои го организираат верскиот живот и религиските потреби на верниците. Во Македонија тоа се двете најголеми верски институции. Македонската православна црква (МПЦ-ОА) и Исламската верска заедница (ИВЗ).

Иако западните општества функционираат како општества во кои верската припадност, религискиот аспект е доведен до ниво на секуларност во кое таа карактеристика на личностите е во основа индивидуална, сепак македонскиот модел на општество, веројатно и поради степенот на развој на свеста за демократија во споредба со останатите држави од Западна Европа, е општество во кое верската определба освен индивидуална има и голем степен на поистоветување со колективитетите, во случајот со Македонија, поистоветување со етничката припадност. И таа компонента не може лесно и брзо да се доведе на индивидиуално ниво на личноста како што е тоа во други општества, затоа неопходно е да се градат мерки кои ќе значат меѓуверска почит, како бајпасирање и превенција од разгорување на верски конфликти.

Припадниците на двете најголеми верски заедници во Македонија, МПЦ и ИВЗ, нивните верници имаат едно ниво на функционалност кое може да се дефинира како состојба на одреден степен на толеранција. Но таа состојба, особено кај самите верници повеќе наликува на „конфликтна толеранција“, отколку на „вистинска меѓуверска почит“. Има многу примери кога нарушувањето на верскиот спокој и верските чувства лесно стануваат предмет на конфликти. Она што како првично и базично може да се оцени, е дека таквите состојби во основа се резултат на недостатокот на реална и искрена

секојдневна комуникација меѓу претставниците на верските заедници, но во одреден домен и меѓу самите верски заедници.

Во македонската јавност многу малку се зборува за вредностите на религиите. Многу малку се знае за различниот од себе, што пак според социолошките анализи е една од причината за генерирање на некаков страв, кој пак се користи како одбранбен механизам.

Концептот на секуларно општество во Македонија, во ситуација на јаки и влијателни верски институции се губи во основната суштина. Верските претставници честопати ја преземаат улогата и на етнички претставници.

Во македонската јавност досега се вршени парцијални испитувања на јавното мислење кои во основа се врзани за довербата кон верските заедници, или пак испитувања кои покажуваат колку од населението во Македонија е религиозно, или пак колку се поистоветува со припадноста на една или друга верска заедница. Но, досега немало конкретни испитување на јавното мислење според кое ќе се види јасна и прецизна слика за перцепцијата на верниците, припадниците на различните верски групи, но и верски неопределените околу степенот на меѓуверско познавање, или пак за тоа колку и како верските заедници придонесуваат во процесот на меѓуверски дијалог.

„Религија.мк“, „ИПИС“, Фондацијата „Конрад Аденауер“ почнаа проект за перцепцијата на граѓаните околу улогата на верските институции и религијата во градењето на меѓурелигискиот соживот. Станува збор за научни и прецизни истражувања врз методолшки пристап за тоа како и што верниците од различна верска припадност знаат и мислат за различните од себе, за улогата на религијата и општеството, релациите со политиката, односите со образованието и социјалната сфера. Од сите тие истражувања произлегоа анализи и заклучоци, а од кои потоа се дефинираат цели и насоки за тоа како да се подобри состојбата, а се дел од оваа целина.

* * *

Првото истражување кое беше направено во декември 2016 година, беше првото национално сеопфатно истражување, кое беше насочено кон „Перцепцијата на граѓаните за религијата и нејзината улога во мултиконфесионалните општества“.

Главниот акцент беше насочен за добивање одговор на прашања од типот: Која улога ја имаат верските заедници во македонското општество, каква треба да биде нивната општествена одговорност? Постои ли меѓуверски

дијалог, во која форма и дали тој се рефлектира кај граѓаните припадници на различните верски заедници во Македонија? Тука за прв пат темелно се бараше и прецизна слика на верската определба на граѓаните, како и степенот на нивната религиозност.

Во декември 2017 година беше спроведено второто обемно истражување, но со акцент на релациите на религијата и политиката.

„Религијата во поличките кампањи-користењето на религијата во предизборни кампањи" беше логичен продолжеток на истражувањето особено по резултатите од претходното истражување кои покажа многу специфични ситуации карактеристични за македонското општество, кои се исклучително интересни за дополнителни анализи и истражувања.

За македонското општество е исклучително важно прашањето на улогата на религијата, но од друга страна е значајно и да се следи процесот на оценката на граѓаните во еден континуитет. Тоа значи дека врз основа на ова прво истражување, важно беше да се детерминираат неколку точки кои дополнително беа опфатени во ова второ истражување.

Едно од прашањата за кое беше посветен дополнителен фокус е „употребата или злоупотребата на религијата во политички цели и кампањи".

Со оглед дека Македонија 2017 година беше во предизборен и изборен период, а тој процес изминативе неколку години се случуваше во многу подинамичен период од вообичаениот, односно речиси секоја втора година имаше изборни процеси, целта беше да се испита расположениeто на граѓаните и нивната перцепција за тоа дали и во кој степен религијата, верските чувства се употребувани или злоупотребувани во политички цели.

Токму затоа овој период беше добар за да се искористи за истражување на оваа тема. Појдовна точка беа и резултатите од првото истражување во 2016 година кое покажа дека граѓаните ги сметаат токму политичките партии како најважен фактор кој може да биде причина за искористување на религијата како инструмент за создавање конфликти.

Искуствата покажаа дека во македонскиот политички дискурс, религијата честопати се појавува како адут на политичките партии во нивната агенда на дејствување, особено во овие периоди на предизборни и изборни процеси. Религијата и верските чувства многупати беа на еден, или на друг начин вмешани во креирање политички настани.

Ова истражување ги открива точките кои се критични и на кои верските институции треба да посветат посебно внимание. Тие точки се на релација политички чинители, верски претставници, активности и пораки на актерите.

Меѓу поексплицитните примери на мешање на политиката и религијата имаше токму на парламентарни избори во 2016 година,  како на пример: „Ако веруваш во Господ, дојди на конвенцијата на Беса." Ова беше почеток на партиската кампања на една политичка партија (БЕСА). Таа порака предизвика серија коментари, но и контра пораки на политичките противници. Лидерот на ДУИ, Али Ахмети возврати: „Нема само муслиманите да влезат во рајот, затоа што има и други вери во кои има добри луѓе и тие заслужуваат да одат во рајот".

Во изминативе изборни циклуси имаше случаи кога претседатели на партии и кандидати за носители на функции извикуваа: „Алах е голем", „Бог да ја благослови Македонија", „Бидете благословени" .

Во македонската политичка сцена, исто така за време на политичките настани од изборната кампања политичарите честопати беа дел од црковни прослави или присуство на црковно-народни собири. Речиси и да нема ден кога некој политичар нема партиската кампања да ја почне со палење свеќи и влез во црква.

Пораките се многу важен и сензитивно чувствителен дел од политичкиот и религискиот дискурс. Овие пораки генерално можат да се поделат во три категории. Пораки на верски лидери, свештеници и имами. Вториот - апели на верските заедници до партиите. И третиот – апели на партиите до верските заедници.

Во Македонија имало многу примери кога испратените пораки предизвикале голем интерес и општествено политички потреси. Имавме случаи кои претставници на МПЦ-ОА испраќаа пораки против законски решенија предложени во Собранието. Можевме да чуеме еден претставник на Исламската верска заедница во Република Македонија кој велеше дека „Господ решил сите Албанци да живеат заедно". Имаше и такви, пак, кои тврдеа дека „Бог го чува идентитетот на Македонците" . . .

На политичката сцена не се изоставени и апелите од партиите до верските заедници. Разни изјави и соопштенија во кои црквите и верските заедници биле споменувани како поддржувачи на нечија политика.

За сите овие теми поделени во неколку сегменти, со вкрстени прашања се бараше перцепцијата на граѓаните за овие состојби, како и нивните ставови за границите во кои можат да функционираат политиката и религијата. Со оглед на тоа дека ова истражување е прво од ваков тип, целта беше преку внимателно одбрани прашања да се добие што поширока и поверодостојна слика за релацијата политика-религија во македонското општество. Првата појдовна точка за истражувањето беше да се види процесот и степенот на религиозност на општеството и довербата што верските институции ја уживаат меѓу граѓаните. Тие прашања се константна во еден континуитет на истражувањата кои и потоа беа правени. Покрај општата оценка за довербата, се бараше и степенот на висината на доверба во црквите и верските институции. Ценевме дека е важно да се види влијанието на партиите во работата на верските заедници, односно перцепцијата на граѓаните за тоа дали политиката ги користи услугите на верските заедници и обратно, колку црквите и верските заедници сакаат да бидат блиски до политиката, како и колку верските храмови се користат за политички проповеди. Тоа се однесува и на тоа дали користењето на верски симболи во изборни кампањи е проблематична практика. Потоа лоцирање на политичките партии кои најмногу играат на картата на верските чувства.

Односот на политичарите кон религијата, нивното јавно демонстрирање на религиозност, е многу важно прашање за анализа за кое треба да се има јасна слика што и како граѓаните гледаат на тоа, колку тоа е прифатливо за македонското општество.

Македонското општество е многу осетливо на пораките кои ги испраќаат верските претставници, контекстот на тие пораки, соодветноста на тајмингот и местото. Затоа во едни вакви опсежни истражувања јавноста мора да има сознанија за тоа кој и колку придонесува во создавање на конфликти? Каква е улогата на партиите, а каква на верските заедници во тој процес? Ова истражување дава одговор на едно општествено актуелно прашање, а тоа е поврзано со границата на секуларноста и јавниот настап на верските претставници. Испитаниците одговараа на прашањата поврзани со потребата верските лидери да ги соопштуваат своите ставови за политички прашања, како и за тоа колку политика има во нивните обраќања.

Во општество во кое имате изразен процент на декларативни верници е предизвик да го знаете и влијанието на религијата во политиката, но низ призма на односите на религијата, етничката припадност и политиката, особено што последните години во се ова добива на интензитет и вмешувањето на дневната политика во животот на верските заедници.

Македонија уставно е декларирана како секуларна држава, но во исто време, пет верски заедници и цркви се нотирани како институции, кои на еден или друг начин, се поврзани со историскиот контекст на државата. Иако секуларна, сепак во Македонија честопати во пракса во голем дел од настаните и процесите лесно може да се препознае блиската врска на религијата и политиката. Влијанието на религијата во политичките процеси е јасно препознатлива, а од друга страна исто така и влијанието на политиката во религиските процеси. Најчесто тоа се моменти поврзани со прашања кои допираат во доменот на верските теми. Прашања поврзани со имотот на верските заедници, изградбата на верски објекти, присуството на верски свештеници на камен-темелници и отворање на државни институции, регистрација на верски заедници, отворено соопштување ставови на верски претставници за политички настани, честопати и за настани во доменот на дневната политика.

Сите овие теми во Македонија постојано ја отвораат дилемата за капацитетот и нивото на секуларноста на државата, а од друга страна и за капацитетот и способноста на верските институции да работат на подобрување на социјалните елементи во општеството.

Токму затоа целта на ова истражување беше да ја открие и перцепцијата на граѓаните за степенот на взаемно влијание на религијата во политиката. Воедно и да ги детектира точките каде овие два сегмента во општеството се поврзуваат и дали тие имаат позитивен или негативен ефект врз општеството.

Преку ова истражување јасно се гледаат и ставовите и размислувањата на граѓаните за некои суштински прашања, а спаѓаат во доменот на религијата, или пак во доменот на политиката, а за кои се мисли дека имаа взаемно влијание. Дел од тие прашања и за прв пат во Македонија беа поставени во едно вакво обемно истражување. За многу од тие прашања постојано се зборува дека се производ на, или со влијание на политиката, но никој тоа влијание не го измерил преку перцепцијата на граѓаните.

Честопати експертските толкувања во Македонија се во насока дека религијата, односно верските заедници се користат како инструмент на политиката. Властите многу пати беа критикувани за директно мешање во работата на верските заедници. Во тој контекст целта беше да се детектираат критичните точки на влијанија. Тука се вклучени прашања кои се однесуваат и на перцепцијата за секуларноста на државата.

Односите на верските заедници и државата е уште еден важен сегмент за анализа. Овде се испитуваше перцепцијата на граѓаните за улогата на верските заедници во општеството. Дали државата има различен пристап кон верските заедници, дали постои фаворизирање на одредени верски институции. Исто така беа опфатени прашања, како, дали и во кој степен верските институции ја исполнуваат својата општествена улога, дали и во кој степен треба да бидат активни во социјалниот домен на општеството? Одговорите покажуваат дека граѓаните очекуваат од верските заедници многу поголема активност во социјалниот аспект на општеството, наспроти дневно-политичките случувања. Граѓаните во голем процент сакаат да ги гледаат верските заедници како еден здрав социјален партнер на државата.

Во ова истражувањето фокусот беше ставен и на прашања кои се се уште отворени за Македонија, а за кои на еден, или на друг начин, се мисли дека се поврзани со испреплетено влијание на политика и религија. Во тој контекст една од темите е Македонската православна црква и релациите со останатите православни цркви. Исто така се анализираа ставовите на испитаниците за односите на државата и Исламската Верска Заедница како и прашања поврзани со стравот од верски радикализам.

За прв пат во Македонија, преку ова истражување се добива слика на перцепцијата на граѓаните за македонското црковно прашање. Односите на МПЦ-ОА со останатите православни цркви, улогата и влијанието на Православната Охридска Архиепископија, како и црковна структура под јуриздикција на СПЦ во Македонија. Во анкетата беа поставени прашања кои честопати предизвикуваат големо внимание и реакции во јавноста. Сите тие прашања даваат една јасна слика за тоа кој е ставот и како размислува мнозинството граѓани.

Образованието е еден од важните сегменти во општеството, особено кога станува збор за неговата поврзаност со религијата. Тоа беше аголот на четвртото истражување од кое беа детектирани ставовите на граѓаните во однос на религијата и образованието, односно поддршката за вклучување на религиозните учења или религијата како историска и актуелна тема во образовниот процес и перцепцијата за нивното влијание врз развојот на младите.

Религијата како тема е честопати директно или индиректно вклучена во повеќе сегменти на општеството и во зависност од општествените прилики, определени сегменти поврзани со религијата добиваат на интензитет во различни временски периоди. Религијата и нејзиното вклучување во образовниот процес претставува тема за која дебатата трае од почетоците на

промената на општествените вредности и осамостојувањето во 1991 години, со оглед дека во комунизмот религијата во целина беше потиснувана како неприфатлив систем на вредности, а со тоа и целосно исклучена од образовниот процес.

За ова истражување беше важно да се добие одговор за општа перцепција на граѓаните околу нивниот однос кон религијата, но и личниот однос кон религиозното образование и интересот во однос на потребата од вклучување на религијата во образовниот процес.

Серијата истражувања што се дел од проектот „Македонија како мултиконфесионално општество", а преку кои Институтот за политички истражувања Скопје, интернет порталот „Религија.мк", со поддршка на Фондацијата „Конрад Аденауер", кои ја анализираат перцепцијата на граѓаните за верските и религиските аспекти, покажуваат дека граѓаните имаат висок процент на интерес за овој општествен сегмент и тоа од различни агли.

Во сите четири истражување неспорен е фактот дека македонското општество, иако по структура секуларно, сепак е општество со изразена димензија на религиозна определба на населението. Високиот процент, со над 98% за религиозна припадност на граѓаните е константа во сите истражувања, исто како што е константа и определбата на граѓаните за себе да мислат дека се религиозни и дека се заинтересирани за религијата.

Во тој контекст, ИПИС, „Религија.мк" и „КАС", го продолжуваат проектот, со цел откривање на што повеќе димензии за влијанието на религијата и верата врз македонското општество. Во таа насока е и петтото истражување на јавното мислење. Станува збор за една анализа базирана врз познавањето на содржините од светите книги Библијата и Куранот.

Водени од интересните заклучоци од претходните истражувања дека граѓаните/верниците во Македонија имаат голем интерес за религија, а од друга страна дека најголем дел од нив се едуцираат за овие прашања од медиумите и интернетот, а многу малку од верските претставници, правиме еден пресек на нивните знаења и перцепции за тоа како тие ги гледаат светите книги Куранот и Библијата.

Ова истражување имаше за цел да открие една нова димензија на интересот на граѓаните поврзан со религијата во Македонија, кон сопствената, но и кон религијата на различниот од себе. Целта на ова истражување беше воедно и да се дефинира или лоцира и можната точка на извор на предрасуди кон

одредена религија, особено во период на глобални општествени настани, кои на еден или на друг начин, се поврзани со религијата или религиозната припадност на луѓето.

Во ова истражување е суштински важен односот  на верниците кон она што значи практикување на верата според светите книги, како и прашања поврзани со тоа да се добие одговор дали и колку верниците ги читаат и познаваат светите книги. Едниот аспект е читањето и познавањето на светата книга на својата религија, а другиот аспект на познавањето и интересот кон светата книга на верски различниот од себе.

Ценевме дека овие прашања се важни за да се добие претстава колку во едно општество како македонското, во кое мулитиконфесионалноста се смета како богатство, во суштина самите граѓани ја знаат таа вредност и колку тие вложуваат во потребата за запознавање на верата на другиот. Затоа тука се бара одговор на прашања од она дали читаат и колку свети книги, па се до прашања поврзани со елементарни информации од едната или другата религија. На пример за местото и годината на раѓање на Христос, на Мухамед, па се до прашања кои се своевиден тест за точноста или неточноста на одредени цитати или настани кои се опишани во Светите книги.

Овој концепт од неколку вкрстени прашања, во голем процент на точност ја црта сликата на еден просечен верник во Македонија. Од една страна неговата јасна определба да се декларира како припадник на една, или на друга религија, потоа себе оценувањето како религиозна личност и самиот смета дека е религиски и верски едуциран, па се до заклучокот колку таа декларативност во основа е и реална, или пак е само религиозност заснована само на некаква традиција на религиска и верска припадност што се негува како историски континуитет во Македонија.

Целта ни беше одговорите кои ќе се добијат од онаа поголема група на прашања, а кои се поставени како тест за оценка на нивото на познавање на основите на светите книги, да ја отсликаат реалноста на вистинскиот процент на религиозност на општеството, засновано на суштината на религија.

Ценевме дека во Македонија е многу важно да се има едно вакво истражување, кое и по вертикала, што значи по религиска припадност, но и по хоризонтала што значи и внатре во самата религиска припадност, ќе даде доста прецизна слика за вистинската религиозност на личноста и нејзиниот однос кон различниот од себе. Тоа е важно за да се дефинира процентот на луѓе кои можеби би можеле да бидат доведени во корелација со некаква евенту-

ална заблуда и злоупотреба на религијата за политички цели. Сите анализи на науката покажуваат дека луѓето кои се религиски едуцирани на здрава основа, тие не се погодна маса за политичка злоупотреба на религијата, додека пак оние кои се себе декларираат како „големи верници“, а едуцирани од неверификувани извори на информации (најчесто медиуми и интернет), многу лесно можат да бидат подведени под плаштот на „борба за својата вера“ и злоупотребени во политички цели или екстремни цели.

Исто така сакавме да го лоцираме и можниот извор на предрасуди кој се јавува во современото општество, пред се вперени кон исламот, токму поради светските политички и воени случувања, каде исламските држави се центар на внимание. Во јавноста постои еднаква перцепција, не само во македонската, туку пред се повеќе кај европската јавност дека основата на радикалноста е втемелена во Куранот. Затоа во ова истражување се осврнува доволно внимание и на тоа прашање.

Слободата на вероисповест во Македонија, е суштински важно прашање на кое овие истражувања даваат одговор. Во него ќе најдете дали и колку граѓаните ја познаваат уставната и законската структура на ова прашање, како и тоа кој и како влијае врз слободата на вероисповест.

* * *

Сите овие истражувања водат кон една единствена цел а таа е поврзана со концептот на мулти-религиска држава. Тој концепт кој во многу нешта е соодветен за македонските прилики, а со оглед дека мулти-конфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповест, но во случај на погрешна имплементација или злоупотреба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општество како Македонија каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии.

Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

# МАКЕДОНИЈА КАКО МУЛТИКОНФЕСИОНАЛНО ОПШТЕСТВО

## -перцепции за влијанието меѓу религијата и државата-

Во регионални, но и европски рамки, интересот на науката и истражувачите за и околу Македонија е фокусиран пред се на мулти-етничките карактеристики на македонското општество. Повеќе истражувања ја анализираат мулти-етничката структура и нејзиното влијание на политичките и генерално на општествените процеси во Македонија, во периодот од нејзиното осамостојување, па се до денес. Во овие анализи честопати се заборава фактот дека освен мулти-етничка, Македонија е и мулти-религиска држава, што претставува уште една значајна карактеристика која дополнително влијае врз процесите и го обликува развојот на македонското општество. Мулти-конфесионалниот аспект на македонското општество е само повремено истражуван и во извена смисла игнориран.

Концептот на мулти-религиска држава е соодветен за македонските прилики, со оглед дека мулти-конфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповест, но во случај на погрешна имплементација или злоупотеба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општество како Македонија каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии. Со оглед на фокусирање кон мулти-етничкиот концепт во изминатите неколку децении, мулти-религискиот аспект на македонското општество е честопати занемарен, иако понекогаш се споменува како одреден импакт фактор, но без притоа сериозно да се анализира степенот на влијание на религијата врз општествените процеси.

Со цел да се добие една генерална слика за влијанието на религијата во македонското општество, Институтот за Политички истражувања од Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот religija.mk и фондацијата Конрад Аденауер (КАС), кон крајот на 2016 година го започнаа проектот *„Македонија како мултиконфесионално општество.“* Проектот вклучува истражувања и анализи (кои се базирани на резултатите од тие истражувања) на повеќе општествени процеси во кои се испитува степенот на влијанието на религијата и рели-

гиозните убедувања. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

## Користена методологија

За успешна имплементација на истражувањата, Институтот за политички истражувања од Скопје-ИПИС, како агенција за истражување на јавното мислење која ги спроведуваше телефонските анкети кои беа основа за понатамошните истражувања и анализи, користеше истражувачки техники кои овозможуваат собирање на неопходните податоци во рамки на дадените параметри.

За постигнување на целите на истражувањето, како и за подоцнежна евалуација и анализа на резултатите, се примени квантитативна истражувачка методологија на собирање на податоци, (во овој случај телефонско истражување), која овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација. ИПИС има детален преглед на македонските телекомуникациски мрежи и нивната дата база, што овозможува целосна територијална покриеност на националните анкети. За спровеување на истражувањата се користи CATI методот и dual frame sampling model (фиксни и мобилни линии). За време на интервјуата, а со цел да се постигнат високи нивоа на доверба, се користат моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето, кое му е посочено посебно на секој испитаник. За испитаниците чиј мајчин јазик не е македонскиот се ангажираат анкетари кои ги говорат јазиците на другите заедници во Македонија, со цел да се избегне можна јазична бариера во комуникацијата.

Со цел да се задржат високо поставените методолошки стандарди, ИПИС креираше репрезентативен примерок за истражувањата на национално ниво, кој е редовно тестиран и обновуван. Во овој примерок се запазени сите релевантни социо-демографски карактеристики на населението во РМ. Националните анкети се спроведуваат со стратификуфан примерок (во две етапи со случаен избор на испитаникот). Со оглед на спецификите на истражувањето, примерокот е стратификуван согласно регионите и населените места во Македонија. Големината на примерокот се избира согласно потребите на истражувањата, а во петте спроведени истражувања беа вклучени помеѓу

1100-1140 испитаници постари од 18 години, со задржување на генералниот соднос во поглед на базичните демографски карактеристики како пол,возраст и професија и образование. Стратификцијата е соодветна со најновите податоци од државниот завод за статистика. Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањео и се движи од 30-70%, а кај овие истражувања беше меѓу 50-55% од добиените соговорници. Маргиналната грешка е помеѓу +/-2.9% со 95% интервал на веродостојност.

## Истражувања и анализа

Во рамки на проектот Македонија како мултиконфесионално општество, во периодот ноември 2016 се до декември 2018 се спроведоа пет истражувања како основа за научна анализа околу перцепциите и меѓусебното влијание помеѓу религијата и државата. Истражувањата опфатија повеќе теми кои на некој начин ги претставуваат најсензитивните општествени аспекти во кои е можно да постои меѓузависност помеѓу религијата и перцепциите на граѓаните за одредени процеси во општеството или јавни политики и тоа по следниот редослед:

1. *Религија и дијалог*
2. *Религијата во политички кампањи (користењето на религијата во предизборни кампањи)*
3. *Религијата-Политика-Општество (влијанието на религијата во политиката и општеството)*
4. *Образование и Религија*
5. *Религија и познавањето на светите книги (Библија и Куран)*

## Религија и дијалог

Целта на првото истражување од проектот „Македонија како мултиконфесионално општество“ насловено како религија и дијалог беше да се проверат можните врски и влијанието на религијата врз личните ставови на повеќе аспекти и притоа да се детектираат потенцијалните можности и предизвици од влијанието кое го има религијата во самото општество. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие

прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

Првото воведно прашање во анкетата беше **На која религија и припаѓате** *(графикон 1)*, при што 75% се изјасниле како православни и 21,6% муслимани, додека католици или припадници на други религии биле 0,4%, односно 0,5% од испитаниците. 2,4% од испитаниците за себе сметаат дека се атеисти, односно не и припаѓаат на ниту една религија.




*Графикон 1*

Сепак, постои разлика помеѓу припадност и практикување на одредена религија, со оглед дека првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата ќе ја практикуваат или не. Токму затоа, второто прашање од анкетата беше **Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на.** На ова прашање високи 52,4% кажале дека се религиозни и дополнителни 30,6% изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 16,5% од испитаниците. Кај православните овој процент е 15,5, додека кај муслиманите 12,5. Овие бројки ја потврдуваат претпоставката произлезена од слични претходни истражувања, дека Македонија е генерално религиозна држава и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија. Сепак, влијанието на религиозните учења во секојдневниот живот е доста помало, односно за 25% тоа е големо, за 30,3% донекаде големо, додека за 27,7% е мало или религијата воопшто нема влијание за 13,8%. Кај муслиманите религијата има поголемо влијание во секојдневниот живот (58,3% големо и 15,8% донекаде големо) отколку кај христијаните (15,6% големо и 35,1% донекаде големо).

На следното прашање кое е компатибилно со стандардното прашање кое се поставува во истражувањата на Евробарометар, на ниво на ЕУ, односно **Дали верувате дека 1.Бог постои како што е напишано во библијата** (или куранот за муслимани)**, 2. Бог не постои, но постои некоја виша сила или 3. Не постои ни Бог ни виша сила,** 69,2% се определиле за првата опција, 17,9% за втората и само 4,9% за третата опција, односно дека нема ниту Бог, ниту некоја виша сила. Кај православните христијани процентите се 63,2 кои веруваат во Бог потоа 21,9 во виша сила и 4,6 % кои не веруваат во ништо, додека кај муслиманите 96,7% изјавиле дека веруваат во Бог, 3,3% во виша сила и ниту еден не се определил за третата опција. На Европско ниво, дека веруваат во Бог изјавиле 51% од испитаниците во Евробарометарот од 2010 година (специјален евробарометар бр. 341 од октомври 2010), во виша сила 26% и не веруваат во ништо 20%, што повторно ја потврдува констатацијата дека Македонија е високо религиозна држава со релативно висок процент на влијание на религијата во секојдневниот живот, иако тоа е поизразено кај муслиманите, отколку кај православните христијани.

Следните неколку прашања беа поставени со цел да се открие колку претходните тврдења кои покажуваат висока религиозна свест кај граѓаните се поткрепени со самото практикување и познавање на религијата, како својата, така и на другиот. Првото прашање од овој циклус беше **Дали сте ја читале библијата** (куранот за муслимани) или некои делови од неа, на што потврден одговор добивме од 44,8% од православните и 80,8% од муслиманите или вкупно 52,7% од испитаниците, а на прашањето Колку често одите во црква/џамија само 1% од христијаните изјавиле секој ден, 9.8% секоја недела, 31,3% еднаш-двапати месечно и 41,9% неколку пати годишно, односно само за големите празници како Велигден или Божиќ. Кај муслиманите овие проценти се следствено 19,2, потоа 18,3, 10 и 13,3% што повторно ја потврдува претходната констатација дека муслиманите се повеќе запознаени и ја практикуваат својата религија од православните христијани. Во однос на познавањето на религијата на другиот, само 3,1% од православните христијани го читале Куранот, додека повисоки 18,3% од муслиманите ја читале Библијата, односно ја познаваат религијата на другиот.




*Графикон 2*

Во следното прашање, конструирано со т.н. скала на социјална дистанца на Богардус, испитаниците беа запрашани Дали би прифатиле некој припадник на друга религија како **1. Дел од вашето потесно семејство (маж, жена, зет, снаа), 2. Дел од вашето пошироко семејство, 3. Пријател, 4. Познаник или 5. Воопшто Не би го прифатиле.** *(графикон 2)* Во ова прашање на испитаникот му се нуди по еден одговор почнувајќи од првата опција се додека не се сложи со една од понудените опции до опцијата под број 5. Во одговорите на ова прашање може да се забележи дека околу една третина од православните христијани (32,2%) и слични 29,3% од муслиманите би прифатиле припадник на друга религија како дел од потесното или пошироко семејство. Високи 43,6 од православните и 38,3% од муслиманите би прифатиле пријател од друга вероисповест, додека никакви контакти со припадник од друга религија воопшто не би прифатиле 12% од православните и 20,8% од муслиманите. Слични се резултатите и од истото прашање, но во однос на блиските на испитаниците. Имено на прашањето Дали луѓето кои ви се блиски би прифатиле некој припадник на друга религија, 25% православни и 29,2% муслимани сметаат дека нивните блиски би прифатиле припадник на друга религија како дел од потесно или пошироко семејство, 40,7% од православните и 31,7% од муслиманите како пријател и 12,9% од православните и 18,3% од муслиманите сметаат дека нивните блиски воопшто не би прифатиле припадник на друга религија. Од ова може да се заклучи дека иако граѓаните кои се припадници на двете најголеми религии во Македонија се религиозни и во помал или поголем обем ја практикуваат својата вера, сепак релативно висок процент од нив нема проблем да комуницира со при-

падници на другите религии, односно постои висок степен на меѓурелигиска толеранција.




*Графикон 3*

Следните две прашања беа поставени со цел да се види односот помеѓу верската и етничката припадност и која идентитетска припадност е посилно изразена. На прашањето **Дали за вас е поважна религијата или етничката припадност** *(графикон 3)* 44,4% од православните христијани изјавиле дека тоа е религијата, додека 16% етничката припадност, а кај муслиманите имаме спротивен тренд, односно 32,5% изјавиле религијата, додека повисоки 38,3% етничката припадност. Ова поголема наклоност кон етникумот отколку кон религијата за муслиманите, се забележува и во следното прашање, односно **Дали повеќе би се дружеле со македонец муслиман** (за албанци православен албанец) **или со православен србин** (за албанци муслиман турчин). На ова прашање, православните македонци со 17,6% одговориле со Македонец муслиман, додека 35,4 со православен Србин, додека муслиманите Албанци избрале православен Албанец во 35,8%, додека за муслиман Турчин се изјасниле 26,5%. Од тука може да се изведе заклучок дека за албанците во Македонија кои се доминантно муслимани, поважна е етничката припадност отколку религијата и обратно за православните Македонци е поважна религијата, отколку етникумот. Ова е сосема спротивно со претходните согледувања каде токму албанците муслимани повеќе ја познаваат и практикуваат религијата од православните македонци и според тоа логична би била претпоставката дека тие ќе и дадат предимство на религијата пред етничката припадност. Сепак резултатите од овие две прашања покажуваат навидум контрадикторни заклучоци. Но, доколку се земе во предвид создавањето на

етничкиот и национален идентитет кај двете етнички групи, резултатите се сосема логични. Имено, причините за овие навидум спротивставени тврдења можат да се бараат во самата основа на идентитетската формација при креирање на етникумот, односно кај Албанците верата е изоставена со оглед дека има голем број на православни и католици, додека кај Македонците религијата е силно поврзана со креацијата и на етничкиот идентитет.




*Графикон 4*

Целта на следниот сет на прашања е да се детектира меѓусебната интеракција помеѓу припадниците на различните религии и затоа се поставени следните прашања **Дали ги знаете важните религиозни празници во исламот** (христијанството за муслимани), потоа **Дали имате пријател кој е муслиман** (христијан за муслимани) *(графикон 4)* и **Дали сте биле кај некого на муслимански** (христијански за муслимани) **верски празници или слави.** На првото прашање 62,8% од православните и 46,7% од муслиманите одговориле потврдно. На второто прашање 74,5% од православните и 55% од муслиманите исто така одговориле потврдно, додека на третото, 49,3% од православните христијани биле кај некого на муслимански верски празник, а истото е случај и со 40,8% од муслиманите. Од одговорите на овие прашања може да се претпостави дека постои солидна интеракција помеѓу припадниците на двете најголеми конфесии во Македонија, иако е таа донекаде повеќе изразена кај православните христијани.




*Графикон 5*

Следните прашања во истражувањето се однесуваат на перцепциите за верските заедници во Македонија. Првото воведно прашање за овој дел од анкетата е **Дали имате доверба во вашата верска заедница** *(графикон 5)* (МПЦ-ОА за православни, ИВЗ за муслимани итн.) на што потврдно одговориле 68,6% од православните христијани во однос на МПЦ-ОА и 52,5% од муслиманите за ИВЗ. Во МПЦ-ОА немаат доверба 20%, а во ИВЗ 36,7% од верниците. На прашањето **Колкава е вашата доверба на скала од 1-5** каде 1 е најмала, додека 5 е највисока доверба, 18,1% од православните и 29,2% од муслиманите избрале 1 (најмала), а 21,6% од православните и 16,7% од муслиманите 5 или највисока доверба. Останатите одбрале помеѓу 2 и 4. Просечната доверба во МПЦ-ОА е 3,22, додека во ИВЗ е пониска, односно 2,7. Од овие резултати може да се заклучи дека иако повеќето верници имаат одредена доверба во своите верски заедници, сепак постои сериозен процент на верници, особено во случајот со муслиманите и ИВЗ, кои изгубиле или воопшто не стекнале доверба во својата верска заедница.




*Графикон 6*

Следното прашање во истражувањето беше **Според вас каква е соработката помеѓу МПЦ и ИВЗ** *(графикон 6)* како две најголеми религиозни организации. На ова прашање само 10,2% од православните и 13,3% од муслиманите одговориле со одлична, додека 13,1% од православните и 28,3% од муслиманите сметаат дека воопшто не соработуваат. Доколку се комбинираат одговорите одлична и одредена соработка, како и малку и воопшто не соработуваат, вкупно 38,1% од православните верници и 38,3% од муслиманите сметаат дека има соработка, додека 42,8% од православните и 47,5% од муслиманите сметаат дека тие малку или воопшто не соработуваат. Ова е релативно негативна перцепција на граѓаните во однос на соработката помеѓу двете најголеми верски заедници, односно повисок процент на верници од двете конфесии сметаат дека МПЦ-ОА и ИВЗ не соработуваат или барем не соработуваат доволно. Во однос на **придонесот на МПЦ и ИВЗ кон меѓурелигискиот соживот** и почитување на луѓето со друга религија, 26,2% од православните и слични 24,2% од муслиманските верници сметаат дека тие придонесуваат кон соживотот, а дополнителни 30,1%, односно 17,5% дека донекаде придонесуваат. Сепак 27,1% од православните и 41,6% од муслиманите сметаат дека МПЦ-ОА и ИВЗ многу малку или воопшто не придонесуваат за меѓуверскиот соживот, што е релативно висок процент, особено кај муслиманите. Всушност, ставот на повисок процент од верниците е дека верските заедници наместо да ги смируваат тие повеќе придонесуваат кон создавање на конфликти и поделба помеѓу луѓето врз база на верската припадност. Имено на ова прашање високи 33,5% од православните и 25,8% од муслиманските верници сметаат дека МПЦ-ОА и ИВЗ придонесуваат кон создавање на конфликти. Дополнителни 30,1% од православните и 14,2% од муслиманите сметаат дека тоа е донекаде случај, а вкупно 26,4% од православните и 42,5% од муслиманските верници сметаат дека МПЦ-ОА или ИВЗ многу малку или воопшто не придонесуваат кон создавање на меѓуконфесионални тензии. Од одговорите на последните две прашања може да се заклучи дека кај релативно висок процент од верниците постои мислење дека верските заедници не работат доволно на меѓуверски соживот и напротив, тие поттикнуваат меѓуверски тензии.




Графикон 7

На прашањето колку **ставовите на некој верски лидер во Македонија влијаат за да се изгради позитивна или негативна слика за припадниците на другите религии** *(графикон 7)* 14,3% од православните и дури 31,7% од муслиманите изјавиле многу, а дополнителни 40,8% од православните и 26,7% од муслиманите сметаат дека верските лидери донекаде влијаат на создавањето на сликата за припадниците на други религии со што се наметнува заклучокот дека однесувањето и ставовите на верските лидери за повеќето верници се од исклучително значење во градењето или следствено уривањето на меѓурелигискиот соживот. Во следните две прашања се мереше директното влијание на верските лидери врз однесувањето на верниците со припадници на други религии. На прашањето **Дали ако вашите верски водачи повикаат на судир со припадници од друга религија вие би ги послушале,** незначителни 5,6% од православните верници одговориле потврдно, додека релативно високи 25% од муслиманите го изјавиле истото. На спротивното прашање **дали ако верските лидери повикаат на мир и смирување на страстите доколку постои некој меѓуверски конфликти вие би послушале,** потврден одговор дале 67,4% од православните и 65% од муслиманските верници, што само го потврдува претходниот заклучок околу важната улога на верските водачи во градење на меѓурелигискиот соживот. На истите прашања, но во меѓуетнички контекст, каде политичарите би повикале на конфликт или соодветно на смирување на страстите во меѓуетнички конфликт, процентот е 1,9 кај православните и 23,3 кај муслиманите и соодветно 66,8% кај православните и 56,7% кај муслиманите, со што може да се добие впечаток дека верските лидери имаат донекаде повисок авторитет од политичарите.




*Графикон 8*

Во однос на **состојбата со меѓуверската толеранција во Македонија,** *(графикон 8)* 26,2% од православните и 41,7% од муслиманите сметаат дека сега има поголема верска толеранција, 27,2% од православните и 23,3% од муслиманите дека таа е иста и соодветно 34,9% и 27,5% дека таа е помала од порано. Може да се заклучи дека православните верници имаат повисока негативна перцепција од муслиманите во однос на ова прашање. На прашањето **Дали сметате дека некој се обидува да ја наруши меѓурелигиската толеранција во Македонија** *(графикон 9),* потврдно одговориле 56,6% од православните и 46,7% од муслиманските верници.




*Графикон 9*

Последните две прашања се однесуваа на меѓурелигискиот совет. Првото беше Дали знаете дека во Македонија постои меѓурелигиски совет на што потврдно одговориле 23,2% од православните и 29,2% од муслиманите со што се наметнува заклучокот дека е потребна поголема афирмација, но и активност на ова тело, додека на второто прашање Дали сметате дека со поактивна улога на овој меѓурелигиски совет би се зголемила меѓуверската толеранција и би се спречиле можни конфликти на религиска база, 29,7% од православните и 47,5% од муслиманите одговориле потврдно, додека 27,5% од православните и 19,2% од муслиманите сметаат дека советот нема да има некое влијание. Високи 42,8% од православните и 33,3% од муслиманите немале мислење по ова прашање со што се потврдува претходно наведениот заклучок во однос на активностите на меѓурелигискиот совет.

## Религијата во политички кампањи

### -користењето на религијата во предизборни кампањи-

Темата на ова истражување, кое беше спроведено во првата половина на Ноември 2017 година, како дел од проектот „Македонија како мултиконфесионално општество“ беше „религијата во политички кампањи,“ односно употребата (или злоупотребата) на религијата во предизборни кампањи.

Религиозните убедувања честопати се користат од страна на политичките партии во предизборието. Религијата била секогаш една од темите на политичката кампања, а понекогаш и меѓу најзначаните сегменти на подземната (или анонимната) негативна кампања, спроведувана од страна на повеќе политички партии во минатото, иако со различен интензитет, во зависност од политичките околности пред самите избори. Партиите ја користат религијата со цел да креираат тензии и атмосфера на конфликт со цел да мобилизираат нови гласови. На минатите парламентарни избори, некои од политичките партии отворено ја промовираа религијата како еден од главните инструменти во политичката кампања.

Првите воведни прашања во анкетата се исти како во претходното истражување, спроведено пред една година, а беа поставени со цел да се видат промените во перцепциите на граѓаните во дадениот временски интервал. Овие општи прашања за религиозните перцепции  на испитаниците ќе бидат дел и од следните истражувања, со што ќе може да се направи една компаративна анализа на религиозните перцепции во одреден временски период. Првото од воведните прашања во анкетата беше **На која религија и при-**

**паѓате,** при што 77% (75% минатиот пат) се изјасниле како православни и 21,2% (21,6% претходната анкета) муслимани, додека католици, припадници на други религии или атеисти биле 1,1% од испитаниците. Второто прашање од анкетата беше **Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на** *(графикон 10).* На ова прашање високи 49,6% (52,4% минатата анкета) кажале дека се религиозни и дополнителни 29% (30,6% претходно) изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 21% (16,5% претходно) од испитаниците. Кај православните овој процент е 21,9% (15,5 во претходното истражување, додека кај муслиманите 13,7% (12,5 претходно). Овие бројки ја потврдуваат претпоставката произлезена од претходното истражување, како и од други слични




*Графикон 10*

истражувања, дека Македонија е генерално религиозна држава и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија. Сепак, влијанието на религиозните учења во секојдневниот живот е доста помало, односно за 31,7% (25% претходно) тоа е големо, за 31,2% (30,3% претходно) донекаде големо, додека за 24,7% (27,7% претходно) е мало или религијата воопшто нема влијание за 10,5% (13,8% претходно). Кај муслиманите религијата има поголемо влијание во секојдневниот живот (71,7% големо и 21,5% донекаде големо) отколку кај христијаните (21,1% големо и 34,3% донекаде големо).

Последните две прашања од воведниот дел во истражувањето се однесуваат на перцепциите за верските заедници во Македонија. Првото прашање е **Дали имате доверба во Македонската Православна Црква** (МПЦ-ОА) (ИВЗ за муслимани) на што потврдно одговориле 40,9% од православните

христијани во однос на МПЦ-ОА и 48,9% од муслиманите за ИВЗ. Донекаде доверба во своите верски заедници имаат 24,7% од православните и 13,3% од муслиманите, додека малку доверба имаат 15,7% од православните и 11,2% од муслиманите. Во МПЦ-ОА воопшто немаат доверба 17,5%, а во ИВЗ 24% од верниците. На прашањето **Колкава е вашата доверба на скала од 1-5** каде 1 е најмала, додека 5 е највисока доверба *(графикон 11),* 16,6% (18,1% претходно) од православните и 22,3% (29,2% претходно) од муслиманите избрале 1 (најмала), а 20,1% (21,6% претходно) од православните и 30% (16,7% претходно) од муслиманите 5 или највисока доверба. Останатите одбрале помеѓу 2 и 4.




Графикон *11*

Просечната доверба во МПЦ-ОА е 3,08 (3,22 претходно) додека во ИВЗ е нешто повисока, односно 3,17 (2,7 претходно). Просечната доверба во религиозните заедници, пресметано од сите испитаници е 3,12. Од овие резултати може да се заклучи дека иако повеќето верници имаат одредена доверба во своите верски заедници, сепак постои сериозен процент на верници, кои изгубиле или воопшто не стекнале доверба во својата верска заедница. Споредено со претходното истражување од Ноември 2016, се забележува дека постои зголемување на довербата на муслиманите во ИВЗ и одредено намалување на довербата во МПЦ-ОА, кај православните христијани.

Со следното прашање во истражувањето се мереше перцепцијата на граѓаните околу користењето на религијата во предизборните кампањи на политичките партии на неодамна завршените локални избори. Прашањето гласеше **Дали во предизборната кампања беше користена религијата**

**и религиозните чувства на граѓаните со цел да се привлечат повеќе гласови од страна на политичките партии.** На ова прашање потврдно одговориле 20,2% од испитаниците, 23% сметаат дека донекаде е користена религијата во кампањите на политичките партии, 12,6% дека донекаде не е користена, додека 25,8% сметаат дека религијата воопшто не била користена во кампањата за локалните избори. Од овие одговори произлегува дека за околу 43% од испитаниците религијата е повеќе или помалку употребена во кампањата, а околу 38% таа малку или воопшто не се користи од страна за партиите. Релативно високиот процент на испитаници кои сметаат дека религијата е употребена во кампањата за последните избори ја наметнува претпоставката дека политичките партии сметаат дека може да привлечат гласови, апелирајќи на религиозните чувства на граѓаните, иако во конкретниов случај станува збор за локални избори. Следното прашање ја потврдува оваа претпоставка, односно на прашањето **Генерално земено, дали сметате дека политичките партии ја користат или не ја користат религијата во своите предизборни кампањи,** *(Графикон 12)* високи 54,4% сметаат дека партиите помалку или повеќе ја користат религијата, за разлика од 30,1% кои сметаат дека генерално, религијата малку или воопшто не се користи во предизборните кампањи.




*Графикон 12*

Според испитаниците, трендот за користење на религиозните чувства на граѓаните во политиката со цел да се привлечат дополнителни гласачи се интензивира, бидејќи на прашањето **Доколку ги споредиме последните**

**неколку избори во Македонија, дали сметате дека сега религијата се користи повеќе или помалку во предизборните кампањи** на политичките партии, 35,9% од испитаниците сметаат дека таа се користи повеќе, 18,2% помалку и 30,3% исто како и претходно. Сепак интересно е што кај релативно мал дел од граѓаните користењето на религијата во кампањата може да влијае за кого би гласале. Имено само 6,9% сметаат дека користењето религијата и религиозните симболи во предизборните кампањи имаат влијание за кого да се определат на денот на гласање, а ист процент испитаници сметаат дека религијата донекаде може да влијае на нивниот избор. Од друга страна 7,8% сметаат дека религијата има многу мало влијание, додека огромен дел од граѓаните или 73,5% сметаат дека религијата нема никакво влијание во однос на нивниот политички избор на денот на изборите. *(Графикон 13)*




Графикон *13*

Од овие одговори се наметнува заклучокот дека политичките партии во своите кампањи се подготвени да користат инструменти кои се надвор од политичката сфера, како што е религијата, иако политичката корист од ова е релативно мала. Сепак очигледно е дека за партиите секој глас е важен и дека можеби во Македонија основните инструменти за привлекување гласови веќе не се доволни, односно не го даваат посакуваниот ефект, па затоа се прибегнува кон дополнителни мерки за поврзување на партијата со новите потенцијални гласачи.

Сепак не сите политички субјекти еднакво ја користат религијата во своите политички кампањи и затоа на испитаниците им беше поставено прашањето, **Според вас, на скала од 1 до 5, неведете колку од страна на следниве политички парии се користи религијата во нивните предизборни кампањи.** Притоа на граѓаните им беа наброени политичките партии кои се застапени во парламентот. Врз основа на оцените од 1 до 5 беа изведени средните вредности за секоја партија соодветно. Според испитаниците, религијата се користи најмалку во политичките кампањи на СДСМ со просечна оцена од 2,40 а потоа на ВМРО-ДПМНЕ со слична просечна оцена од 2,60. Кај партиите на етничките албанци, според граѓаните релгијата се користи во поголем интензитет и тоа: кај ДПА просечната оценка е 3,28, потоа кај ДУИ е 3,38, додека кај новите партии кои за првпат се појавија на претходните парламентарни избори таа е повисока, односно кај Алијанса за Албанците 3,51 и кај БЕСА 3,71. Од овие резултати, освен заклучокот дека етничките албански партии, според граѓаните, повеќе ја користат религијата во изборните кампањи, се наметнува заклучокот и дека новите партии во поголем обем се фокусираат на религиозните чувства на своите потенцијални гласачи, сметајќи дека преку користење на религијата ќе успеат полесно и побрзо да се наметнат на политичката сцена. Со оглед на релативниот успех на овие две партии од нивното појавување на претходните парламентарни избори, очигледно е дека кај дел од етничките албански гласачи, религијата има одредено влијание во нивниот политички избор, иако сепак за повеќето од нив тоа не е доминантен фактор.

Во претходните прашања се мереше перцепцијата на испитаниците за тоа дали се користи и колкав е степенот на употреба на религијата во кампањите. За разлика од нив, целта на следното прашање во анкетата е да се утврдат ставовите на граѓаните во однос на тоа дали треба или не треба да се користи религијата во политичките кампањи. Тие беа запрашани **Дали сметате дека користењето на религијата и религиозните симболи во изборните кампањи е дел од едно нормално политичко претставување на програмата и заложбите на една политичка партија или тоа претставува злоупотреба на религиозните чувства на граѓаните.** Најголем дел од испитаниците одговориле дека користењето на религијата во кампањите претставува злоупотреба на религиозните чувства на граѓаните, односно 70,5% од испитаниците (69,8% од православните и 77,7% од муслиманите), додека само мал дел од испитаниците или 11,1% (9,7% од православните и 15,5% од муслиманите) сметаат дека користењето на религијата е дел од нормалното политичко претставување, што наведува на заклучокот дека граѓаните се против користењето на религија и религиозни симболи во политичка кампања.

Во следните неколку прашања се мереше перцепцијата на испитаниците околу поврзаноста на верските заедници со политичките партии, како и нивната меѓусебна интеракција. На прашањето Според вас, **дали партиите имаат влијание врз работата на верските заедници** како МПЦ, ИВЗ и сл? 51,1% (50,9% од православните и 51,9% од муслиманите) од граѓаните сметаат дека партиите имаат влијание, додека 23,1% (24,6% од православните и 18,9% од муслиманите) дека немаат. *(графикон 14)*




*Графикон 14*

На прашањето **Дали сметате дека партиите ги користат или не ги користат верските заедници за свои политички цели,** 59,5% (61,2% од православните и 51,9% од муслиманите) одговориле потврдно, додека само 17,5% (17,3% од православните и 18% од муслиманите) од испитаниците дека партиите не ги користат верските заедници за свои политички потреби. Одговорите на претходните две прашања наведуваат на заклучокот дека граѓаните сметаат дека партиите влијаат на работата на верските заедници, како и тоа дека ги користат во свои политички цели. Доколку ваквата перцепција остане, може да се случи намалување на довербата на граѓаните и верниците во своите религиозни заедници со оглед дека мнозинството во моментов сметаат дека им служат на политичарите. Дополнителен проблем претставува што граѓаните сметаат дека и верските храмови се користат за политичка агитација, со тоа што овој феномен е повеќе изразен за џамиите, отколку за црквите, иако и за двата типа светилишта процентот е релативно висок. На прашањето **Дали сметате дека црквите се користат или не се користат како места за политичка агитација,** 37,5% (35,8% од православните и 44,2% од муслиманите) одговориле потврдно, додека 40,5% (42,2% од православните и 34,3% од

муслиманите) сметаат дека црквите не се користат за политичка агитација. Во однос на прашањето **Дали сметате дека џамиите се користат или не се користат како места за политичка агитација** *(графикон 15)* 49,1% (51,1% од православните и 41,6% од муслиманите)  од граѓаните сметаат дека џамиите се користат за политичка промоција, а 21,1% (15,9% од православните и 40,3% од муслиманите) дека не се користат, што претставува повисок процент во однос на црквите, односно според граѓаните џамиите се повеќе во функција на политички маркетинг за партиите отолку црквите. Интересно е што во одговорите на двете прашања околу користење на верските храмови за политичко-пропагандни цели, повисок е процентот граѓани кои сметаат дека политичка агитација има повеќе во храмовите на религијата на оној другиот, т.е. на религијата на која тие не им припаѓаат, иако како што сугерираат и погоре претставените одговори тоа е повеќе изразено за џамиите отколку за црквите.




*Графикон 15*

На прашањето Доколку има одреден однос меѓу партиите и верските заедници, **дали сметате дека самите верски заедници сакаат да се блиски до политичките партии или пак се принудени да соработуваат со нив,** поголем дел од испитаниците одговориле дека верските заедници се на некој начин принудени да соработуваат со политичките партии, односно 34,1%, додека 27,7% одговориле дека самите верски заедници сакаат да се блиски со политичките партии. Во ова прашање може да се забележи поголема дискрепанца во одговорите на православните христијани и муслиманите, со оглед дека кај православните скоро е идентичен процентот на оние кои сметаат дека верските заедници се принудени 29%, со оние кои сметаат дека

самите верски заедници сакаат да се приближат до париите 29,8%, а за разлика од нив муслиманите во поголем процент сметаат дека заедниците се принудени да соработуваат со политичарите 51,1%, наспроти оние кои сметаат дека самите заедници бараат одредена блискост со политиката 21,5%.

Сериозни разлики меѓу православните христијани и муслиманите можат да се забележат и во следното прашање, односно **Дали спомнувањето на Бог за време на политички митинг ви пречи,** *(графикон 16)* за поголем дел од христијаните споменувањето на бог на политички митинг е несоодветно 50,1% во споредба со 36,7% на кои не им смета, додека кај муслиманите е обратно, односно 57,5% одговориле дека не им пречи, а 33% дека им пречи.




*Графикон 16*

Овие одговори на некој начин ја објаснуваат и перцепцијата на испитаниците за претходните прашања, во однос на поголемото користење на религијата кај етничките албански партии, како и на повисокиот процент на граѓаните кои изјавиле дека џамиите повеќе се користат како места за политичка агитација. Од друга страна и на христијаните и на муслиманите им пречи јавно (пред камери) практикување на верата од страна на политичарите. На прашањето **Дали практикувањето на верата што политичарите понекогаш го прават јавно пред камери и фоторепортери според вас е прифатливо** и претставува дел од нормално политичко однесување како еден вид позитивна порака или пак верата треба да остане исклучиво во приватната сфера, 14,9% (12,9% од православните и 22,3% од муслиманите) од испитаниците одговориле дека е прифатливо, а за 60,2% (60,5% од православните и 59,7% од муслиманите) верата, односно религијата треба да биде приватна работа.

Следните три прашања се однесуваа на перцепциите на граѓаните за употребата на политиката и дневно-политичките настани од страна на верските лидери. На прашањето Според вас **дали има политички пораки во јавните настапи на верските лидери,** *(графикон 17)* 38,4% (36,8% од православните и 43,3% од муслиманите) одговориле потврдно, а 33,1% (34,4% од православните и 30% од муслиманите) сметаат дека нема политика во јавните настапи на верските лидери.




*Графикон 17*

На прашањето **Дали според вас е прифатливо верските лидери да се произнесат со став за одредени политички проблеми во јавноста,** 23,9% (20% од православните и 37,8% од муслиманите) одговориле дека е прифатливо, но за високи 53,4% (58,5% од православните и 34,8% од муслиманите) тоа е неприфатливо. На прашањето **Дали верските претставници зборуваат за политика на своите проповеди,** 26,5% (20,2% од православните и 47,6% од муслиманите) одговориле со да, а 31,4 (34% од православните и 23,2% од муслиманите) со не. Од одговорите на овие прашања може да се заклучи дека иако генерално за граѓаните не е прифатливо верските лидери јавно да кажуваат политички ставови, ова е сепак поприфатливо за муслиманите, отколку за христијаните. Слично е и со одговорите на другите две прашања каде е повисок процентот на муслимани кои одговориле дека има политички пораки во јавните настапи на верските лидери, а особено оваа дискрепнца се забележува во одговорите во однос на употреба на политиката во верските проповеди. Ова наведува на заклучок дека политиката е повеќе присутна во делувањето (јавен настап и проповеди) на муслиманските верски лидери, отколку кај православните, иако и за самите муслимани донекаде тоа е поприфатливо, отколку за православните христијани.




*Графикон 18*

Последното прашање од истражувањето беше **Дали политичките партии придонесуваат или не придонесуваат кон создавање на конфликти и поделба помеѓу луѓето врз база на верската припадност,** *(графикон 18)* На ова прашање 43,9% од испитаниците одговориле со да, потоа дополнителни 30,5% дека ова е донекаде точно, 4,5% сметаат дека ова е донекаде неточно, а само 7,9% мислат дека политичките партии воопшто не придонесуваат за создавање на конфликти на верска основа, односно дури 74,4% од испитаниците делумно или целосно се согласуваат дека партиите создаваат конфликти на религиозна база, а само 12,4% дека делумно или целосно тоа не е точно. Кај православните овој процент е 85% наспроти 6,8%, а кај муслиманите е 36,9% наспроти 33,1%. Од одговорите на ова прашање може да се согледа негативната перцепција на испитаниците во однос на придонесот на партиите кон создавање на поголема верска нетрпеливост и омраза меѓу граѓаните.

## Религија-Политика-Општество

### -влијанието на религијата во политиката и општеството-

Темата на ова трето истражување, кое беше спроведено кон средината на Јануари 2018 година, како дел од проектот „Македонија како мултиконфесионално општество" беше „религија-политика-општество," односно влијанието на религијата во политиката.

Во претходната анкета се мереше влијанието на политиката врз религијата и

употребата односно злоупотребата на религијата во предизборните кампањи. Целта на ова истражувањето беше да се утврди обратниот процес, односно дали постои и колкав е степенот на влијанието кое религијата и религиозните заедници го имаат во политиката и како тоа влијае врз македонското општество.

Првите воведни прашања во анкетата беа поставени за да се утврди генералната перцепција на граѓаните во однос на влијанието кое според нив верските заедници го имаат врз политиката. Првото прашање беше стандарден вовед со цел да се утврди религиозната припадност на испитаниците, односно **На која религија и припаѓате,** при што 74,8% (77% минатиот пат) се изјасниле како православни и 22,2% (21,2% претходната анкета) муслимани, додека католици, припадници на други религии или атеисти биле 3% од испитаниците. Второто прашање беше **Според вас дали има и колкаво е влијанието на МПЦ-ОА врз политиката** *(графикон 19)*. На ова прашање 33% од испитаниците одговориле дека МПЦ има големо влијание врз политиката, 32.2% мало влијание, додека 26,6% изјавиле дека МПЦ нема влијание во политиката. На истото прашање за ИВЗ, односно **Според вас дали има и колкаво е влијанието на ИВЗ врз политиката,** *(графикон 20)* 46,2% одговориле дека ИВЗ има големо влијание врз политиката, 20,3% мало и 21,3% сметаат дека ИВЗ нема воопшто влијание врз политиката. Од одговорите на испитаниците може да се заклучи дека според повеќето анкетирани граѓани, двете најголеми верски заедници имаат влијание врз политиката со тоа што влијанието на ИВЗ врз одредени аспекти на политиката е поголемо од тоа на МПЦ, бидејќи скоро половина од испитаниците изјавиле дека ИВЗ има големо влијание, додека за МПЦ истото го изјавиле една третина од граѓаните.




*Графикон 19*




*Графикон 20*

Сепак, ова не претпоставува дека ИВЗ е повлијателна од МПЦ во политичките процеси во Македонија на генерално ниво, туку дека влијанието на ИВЗ врз политичкиот сегмент во кој се вклучени муслиманите е поизразено, отколку на МПЦ во политичкиот сегмент во кој се вклучени христијани, бидејќи на национално ниво сепак христијаните се двојно побројни од муслиманите и со самиот тој факт МПЦ е во ситуација да влијане врз поголем сегмент од општеството а со тоа и врз политиката која се однесува на тој сегмент, иако нејзиното влијание во тој дел од општеството е помалку изразено. Влијанието на ИВЗ во политиката можеби е поинтензивно, но тоа се однесува на помал дел од општеството (кај муслиманите), односно влијае на политиката која се обраќа претежно на тој помал општествен сегмент.




*Графикон 21*

Следното прашање во истражувањето беше **дали во Македонија се почитуваат верските права и слободи,** *(графикон 21)* на кое повеќето од испитаниците одговориле потврдно (79,3%), односно 56,5 проценти изјавиле да и 22,8 донекаде да. Само 5,5% од испитаници изјавиле дека во Македонија не се почитуваат верските права и слободи, со дополнителни 12% кои рекле дека донекаде не се почитуваат. Ова претставува висок процент на афирмативна перцепција на граѓаните околу почитување на верските права и слободи што е во согласност и со генералната заложба на македонското општество за почитување на верските чувства на граѓаните и почитување на вероисповеста на другиот во македонското мултиконфесионално општество. На прашањето **дали во Македонија постои целосна одвоеност помеѓу религијата и државата** што е начело содржано и во македонскиот устав, како основа на современите граѓански општества во кои религијата е одвоена од државата, 34,9% одговориле потврдно и дополнителни 20,4% изјавиле дека донекаде се почитува ова начело. Сепак 18,2% од испитаниците сметаат дека државата не е одвоена од религијата и дополнителни 16,2% кои сметаат дека донекаде религијата не е одвоена од државата. Иако процентот на граѓаните кои сметаат дека религијата е одвоена од државата е повисок од оние кои тоа не го сметаат, сепак висок е процентот на граѓаните (34,4%) кои сметаат дека религијата донекаде или целосно не е одвоена од државата. Перцепцијата дека религијата не е одвоена од државата претставува своевидна рефлексија и на претходната перцепција дека за повеќето испитаници религијата има влијание врз политиката.




*Графикон 22*

На прашањето кое можеби визуело најдобро може да ја долови поврзаноста на религијата и политиката во секојдневниот живот, односно **дали верски претставници треба да присуствуваат на поставување на камен темелник или отворање на државни објекти,** *(графикон 22)* 42,6% одговориле

потврдно, додека 47% одговориле дека верските претставници не треба да присуствуваат на поставување на камен темелник или отворање на државен објект. Кај ова прашање постои сериозна дискрепанца во одговорите на граѓаните од православна и исламска вероисповест. Додека кај православните христијани 36,8% одговориле потврдно, а 50,2% сметаат дека религиозни претставници не треба да присуствуваат на поставување на камен темелник или отворање на државен објект, кај муслиманите е обратно, односно 64,6% од муслиманите сметаат дека религиозни претставници треба да присуствуваат, а 34,6% дека не треба. Од одговорите на ова прашање произлегува дека поставување на камен темелник или отворање на државна институција, православните го перцепираат како директна поврзаност на религијата и политиката и се противат на оваа практика, додека кај муслиманите тоа не е случај што може да имплицира дека перцепцијата за поврзаност на религијата и политиката е поинаква, со оглед дека поголем процент од муслиманите на претходното прашање изјавиле дека религијата е одвоена од државата (54,1%)




*Графикон 23*

Следните две прашања беа околу перцепциите на испитаниците за тоа дали државата фаворизира одредени верски заедници во однос на други. На прашањето **дали државата им да ва предност на одредени верски заедници наспроти другите,** *(графикон 23)* 27,9% одговориле потврдно, додека 47,2% сметаат дека државата не фаворизира никого. Од оние кои рекле дека постои нееднаков третман на верските заедници, 7% сметаат дека ИВЗ има повластен третман, додека 19,8% дека МПЦ-ОА е фаворизирана во однос на другите религиозни заедници. Сепак иако дел од населението смета дека едната или другата од најголемите две религиозни заедници во земјата се фаворизирани во однос на другите, поголемиот дел од испитаниците сметаат дека државата не фаворизира ниту една верска заедница.

Религиозните заедници насекаде низ светот честопати учествуваат во социјални, односно хумани општествени проекти што претставува еден вид на интеракција на религиозните заедници со општеството во хуманитарниот сегмент, односно кон ние на кои помошта им е најпотребна. Овие активности претставуваат еден вид на дополнување на социјалните политики на државите и креираат позитивна перцепција кон религиозните заедници. Затоа во следните три прашања се направи обид да се измери перцепцијата на граѓаните кон религиозните заедници во овој сегмент на интеракција. На **прашањето дали црквите и верските заедници треба да бидат повеќе или помалку активни во социјалниот живот** во општеството, 52,6% изјавиле повеќе, а 27,5% помалку. На прашањето **дали црквите и верските заедници се хумани** од аспект на помош кон луѓето и општеството, 52,2% одговориле со да и донекаде да, додека 42,6% одговориле со не и донекаде не. На прашањето **дали покрај државата и верските заедници би требало да отвараат домови за деца без родители или болнци за социјално загрозени,** *(графикон 24)* дури 81,2% одговориле потврдно, а само 10,8% не се согласуваат. Од одговорите на претходните три прашања може да се заклучи дека граѓаните ги поддржуваат соцјалните и хуманитарни активности на верските заедници во општеството, повеќето сметаат дека заедниците треба повеќе да бидат присутни во социјалниот живот, голем дел сметаат дека религиозните заедници не се доволно хумани од аспект на помош кон општествените категории кои за тоа имаат потреба и огромен дел од испитаниците сметаат дека и религиозните заедници покрај државата треба иницираат и да се вклучат во изградба на болници за социјално загрозени, како и во домови за деца без родители.




*Графикон 24*

Следниот сет на прашања се однесуваа на перцепциите и ставовите на граѓаните за повеќе прашања поврзани со МПЦ-ОА и затоа во одговорите на нив не беа вклучени испитаниците муслимани. Првото прашање од оваа група беше **дали МПЦ-ОА треба да отстапи од барањето за автокефален статус,** *(графикон 25)* односно целосна еднаквост со другите цркви, а со цел да биде признаена во православиот свет. Очекувано, огромен дел од испитаниците или 89,1% одговориле дека МПЦ не треба да отстапи од барањата за целосна еднаквост со другите цркви. На прашањето **која би требало да биде првата црква која ќе го признае автокефалниот статус на МПЦ-ОА,** 42,1% одговориле дека тоа треба да биде Српската, 18,6% Бугарската, 6,6% Руската Православна црква и 4% Вселенската патријаршија. Од овие одговори може да се заклучи дека граѓаните ја поддржуваат МПЦ во спорот со СПЦ за прашањето околу добивање автокефалност, како и дека токму СПЦ треба да биде првата црква која ќе ја признае оваа автокефалност со цел да се надмине проблемот кој го има СПЦ со МПЦ-ОА.




*Графикон 25*

На прашањето **дали ја оправдувате одлуката на МПЦ-ОА да побара од Бугарската црква да ја признае како автокефална, а за возврат БПЦ да стане мајка црква на МПЦ-ОА,** 35,4% одговориле со да, а 42,6% со не. Сепак, овие одговори треба да се земат со извесна резерва бидејќи добар дел од испитаниците не го разбираат доволно значењето на терминот Мајка Црква. Имено на прашањето **Како го дефинирате терминот мајка црква,** од понудените четири одговора, 24.3% одговориле како црквата од која се одвојува и создава нова црква, 25% одговориле Црквата која прва ја признава самостојноста на новата црква, 7,6% го дефинирале како потчинетост на

новата црква кон мајката црква. Само 16,4% одговориле дека терминот мајка црква има повеќе симболичко значење како промотор на новата црква пред другите цркви. Затоа од одговорите на овие прашања може да се заклучи дека МПЦ-ОА треба повеќе да се вклучи во едукација на граѓаните во обид појасно да го дефинира поимот мајка црква, со цел да се избегнат погрешни толкувања и создавање на ставови базирани на такви погрешни толкувања. Овие претпоставки се потврдуваат и во одговорите на следното прашање каде дури 59,4% од испитаниците сметаат дека во одлуката МПЦ-ОА да започне разговори со Бугарската црква за признавање на автокефалниот статус на МПЦ-ОА е вмешана и политиката.




*Графикон 26*

Следните три прашања беа поврзани со перцепциите и ставовите на испитаниците со православна вероисповест околу односите на МПЦ-ОА и ПОА на Јован Вранишковски. На прашањето **дали на црквата на Јован Вранишковски (ПОА) треба да и биде дозволено да се регистрира во Македонија** *(графикон 26)* високи 59,2% одговориле негативно, додека само 18% сметаат дека треба да и се дозволи. На прашањето **која црква има легитимитет да ги претставува православните верници во Македонија,** 76,1% одговориле МПЦ-ОА, додека само 8% сметаат дека ПОА треба да ги претставува македонските православни верници. На прашањето дали би поддржале процес на соединување на МПЦ-ОА со ПОА во случај српската црква да ја признае МПЦ за автокефална, 22,1% одговориле потврдно, додека повторно високи 54,8% одговориле негативно на ова прашање. Од одговорите може да се за-

клучи дека македонските православни верници ја поддржуваат МПЦ-ОА и се против црквата на Јован Вранишковски. Голем дел од верниците се против дозвола за регистрација на ПОА, дури и против обединување на двете цркви во случај Српската црква да ја признае автокефалноста на МПЦ-ОА.

Последното прашање од овој сет кој се однесуваше на перцепциите за актуелните теми поврзани со МПЦ-ОА беше поврзано со темата со бадникарските поворки, која беше актуелна пред спроведување на истражувањето. На прашањето **со кое тврдење се согласувате повеќе** на граѓаните им беа понудени три опции. За првата опција односно ги поддржувам бадникарските поворки на учениците и нивниот прием организиран кај градоначалниците во повеќе општини се определиле 45,3% од испитаниците, за втората опција односно ги поддржувам поворките, но децата не смее да се злоупотребуваат во политички цели со приеми кај градоначалници се определиле 40,5% од испитаниците, додека за третата опција воопшто не ги поддржувам бадникарските поворки на учениците се определиле само 8% од испитаниците. Од овие одговори може да се заклучи дека огромен дел од граѓаните ги поддржуваат бадникарските поворки на децата, но исто така постои исклучително спротивставено и поделено мислење околу тоа дали ваков тип на манифестации, односно во случајот бадникарските поворки, треба да вклучуваат организирана интеракција со политиката, во овој случај со локалната власт.




*Графикон 27*

На следниот сет составен од три прашања, одговараа само испитаниците од исламска вероисповест, со оглед на тоа дека прашањата беа поврзани со состојбите во ИВЗ и воопшто муслиманите во Македонија. На прашањето **дали исламската верска заедница (ИВЗ) успева да го зачува тради-**

**ционалниот ислам во Македонија,** *(графикон 27)* 76% од испитаниците одговориле потврдно, додека 20% сметаат дека ИВЗ не успева да го сочува традиционалниот ислам. Овие перцепции се позитивни, иако сепак постои значаен процент од граѓаните кои сметаат дека ИВЗ е немоќна да го сочува традиционалниот ислам. На прашањето **дали ја одобрувате регистрацијата на Бектешите во Кичево како посебна религиозна група** надвор од ИВЗ, 34,6% одговориле потврдно, додека 56,9% се против. Слични се и резултатите на прашањето **Дали на Бектешите од Тетово треба да им се дозволи регистрација** како посебна религиозна група надвор од ИВЗ. На ова прашање 35,8% одговориле потврдно, додека 55,7% се противат на оваа идеја. Може да се заклучи дека иако поголем процент од муслиманите се против регистрацијата на Бектешите во Кичево и иницијативата за нивна регистрација во Тетово, сепак доста висок процент ја поддржуваат оваа одлука во Кичево, како и иницијативата во Тетово.




*Графикон 28*

Во последните неколку прашања повторно беа вклучени сите испитаници со цел да се утврдат нивните ставови и перцепции околу присуството на одреден степен на верски радикализам во Македонија. На прашањето **дали според вас постои верски радикализам во Македонија** *(графикон 28)* 35,5% одговориле со да, кај поголем дел од популацијата, 23,6% сметаат дека тој е присутен само кај одреден дел од популацијата додека за 13,4% од испитаниците верски радикализам постои само кај мал дел од популацијата. За 15,2% од испитаниците, во Македонија нема верски радикализам. На прашањето кај која религија верскиот радикализам во Македонија е повеќе присутен, 30,4% одговориле кај муслиманите, 22,4% кај христијаните, додека 19,4% сме-

таат дека тој е присутен и кај двете деноминации. Овие податоци за перцепциите на граѓаните околу присуството на верски радикализам во Македонија се загрижувачки и затоа е потребна засилена едукација на граѓаните, како од државата, така и од самите верски заедници. Дополнително, на прашањето **дали сметате дека државните институции имаат или немаат доволна контрола врз продорот на радикалните учења во Македонија,** граѓаните се поделени на две еднакви групи, односно 36,8% сметаат дека институциите имаат контрола идентично со групата која смета дека тие немаат контрола.




Графикон *29*

Последните две прашања се однесуваат на градењето на верски објекти во Македонија. Имено на граѓаните им беше поставено прашањето дали во Македонија во моментов има доволно верски објекти при што високи 75,9% одговориле потврдно, а само 8,3% сметаат дека нема доволно верски објекти. На прашањето **дали изградбата на нови цркви и џамии е повеќе поради потреба од нови храмови или пак се користи во функција на обележување на територии на влијание,** *(графикон 29)* 36,9% одговориле дека изградбата е поради потреба од нови храмови, додека повисоки 44,6% сметаат дека храмовите се повеќе во функција за обележување на територии на влијание. Од овие одговори може да се заклучи дека за големо мнозинство на граѓани во Македонија има доволно верски објекти и исто така за мнозинството од нив градењето на нови храмови е повеќе во функција на обележување на територии отколку поради потребата од нови верски објекти.

## Образование и Религија

Темата на четвртото истражување, спроведено кон средината на Октомври 2018 година, како дел од проектот „Македонија како мултиконфесионално општество“ е „образование и религија.“

Целта на ова истражувањето беше да се утврди перцепцијата на општеството за религиозното образование, степенот и нивото на прифаќање и познавање на религиозните учења, како и нивната поддршка или одбивање на вклученоста на религиозните учења во образовниот процес.

Првиот воведен дел од анкетата се однесуваше на општата перцепција на граѓаните за религијата и нивниот однос кон религиозното учење. За таа цел беа поставени неколку основни прашања во контекст на нивното поимање на религијата. Овие прашања беа вклучени и во првото истражување, спроведено кон крајот на 2016 година, а со цел да се направи компарација на нивниот однос кон религијата пред две години и сега, како и да се детектираат можните промени во ставовите во дадениот временски период.

Првото прашање во анкетата беше стандардното **На која религија и припаѓате,** кое се поставува со цел да се утврди различната религиозна припадност на вкупниот број испитаници. На ова прашање 72% (75% во анкетата од 2016) се изјасниле како православни и 24% (22% во анкетата од 2016) муслимани, додека католици или припадници на други религии биле 0,2%, односно 0,3% од испитаниците. 3% (2,4% во анкетата од 2016) од испитаниците за себе сметаат дека се атеисти, односно не и припаѓаат на ниту една религија. Сепак, постои разлика помеѓу припадност  и практикување на одредена религија, со оглед дека првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата ќе ја практикуваат или не.




*Графикон 30*

Токму затоа, второто прашање од анкетата беше **Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на.** *(графикон 30)* На ова прашање високи 42% (52% во анкетата од 2016) кажале дека се религиозни и дополнителни 41% (31% во анкетата од 2016) изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 16% (исто како и во анкетата од 2016) од испитаниците. Кај православните овој процент е 13% (15% во анкетата во 2016), додека кај муслиманите 14% (13% во анкетата од 2016). Овие бројки ја потврдуваат претпоставката произлезена од претходното истражување, дека Македонија е генерално религиозна држава и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија. Сепак, влијанието на религиозните учења во секојдневниот живот е доста помало, односно за 36% (25% претходно) тоа е големо, за 29% (30% претходно) донекаде големо, додека за 20% (28% претходно) е мало или религијата воопшто нема влијание за 14% (исто како и во 2016). Кај муслиманите религијата има поголемо влијание во секојдневниот живот (58% големо што е исто како и претходната анкета и 27% донекаде големо, што е зголемување од претходните 16%) отколку кај христијаните (31% големо што е зголемување во однос на 2016 кога било 16% и 31% донекаде големо, што е слично со претходните 35%). Во однос на претходното истражување 2016, може да се забележи дека има зголемување на процентот на оние граѓани кои изјавиле дека религијата има големо влијание во нивните животи, пред се кај припадниците на православната христијанска религија.




*Графикон 31*

На следното прашање кое е компатибилно со стандардното прашање кое се поставува во истражувањата на Евробарометар, на ниво на ЕУ, односно **Дали верувате дека 1.Бог постои како што е напишано во библијата (или куранот за муслимани), 2. Бог не постои, но постои некоја виша сила или Не постои ни Бог ни виша сила,** *(графикон 31)* 71% (69% во 2016) се определиле за првата опција, 16% (18% во 2016) за втората и само 7% (5% во анкетата од 2016 година) за третата опција, односно дека нема ниту Бог, ниту некоја виша сила. Кај православните христијани процентите се 67 (63 претходно), кои веруваат во Бог потоа 21 (22 претходно) во виша сила и 5% (исто како и претходно) кои не веруваат во ништо, додека кај муслиманите 94% (97% во претходната анкета) изјавиле дека веруваат во Бог, 2% (3% претходно) во виша сила и 2% се определиле за третата опција. На Европско ниво, дека веруваат во Бог изјавиле 51% од испитаниците во Евробарометарот од 2010 година (специјален евробарометар бр. 341 од октомври 2010), во виша сила 26% и не веруваат во ништо 20%, што повторно ја потврдува констатацијата дека Македонија е високо религиозна држава со релативно висок процент на влијание на религијата во секојдневниот живот, иако тоа е поизразено кај муслиманите, отколку кај православните христијани.




*Графикон 32*

Следните две прашања беа поставени со цел да се открие колку претходните тврдења кои покажуваат висока религиозна свест кај граѓаните се поткрепени со самото практикување и познавање на религијата, како својата, така и на другиот. Првото прашање беше **Дали сте ја читале библијата** (куранот за муслимани) или некои делови од неа *(графикон 32),* на што потврден одговор добивме од 53% (45% претходно) од православните и 67% (81% во

претходното истражување) од муслиманите или вкупно 55% (53% претходно) од испитаниците, а на прашањето **Колку често одите во црква/џамија** само 1% (исто како и во претходното истражување од 2016) од христијаните изјавиле секој ден, 20% (10% претходно) секоја недела, 32% (31% претходно) еднаш-двапати месечно и 36% (42% претходно) неколку пати годишно, односно само за големите празници како Велигден или Божиќ. Кај муслиманите овие проценти се следствено 10, 24, 11 и 10% (претходно 19, потоа 18, 10 и 13%) што ја потврдува претходната констатација дека муслиманите се повеќе запознаени и ја практикуваат својата религија од православните христијани, иако споредено со истражувањето од 2016 година се забележува одредено зголемување кај православните христијани кои ја читаат библијата и редовно одат во црква. Во однос на познавањето на религијата на другиот, само 5% (3% претходно) од православните христијани го читале Куранот, додека повисоки 16% (18% претходно) од муслманите изјавиле дека ја читале Библијата, односно ја познаваат религијата на другиот.




*Графикон 33*

Во вториот дел од анкетата се испитува личниот однос кон религиозното образование и интересот на испитаниците кон истото. За таа цел беа поставени серија на прашања од кои првото беше **„Дали сметате дека сте религиски образован**.“ *(графикон 33)* На ова прашање 24% од граѓаните одговориле со да, а дополнителни 41% сметаат дека донекаде се религиски образовани. 12% од испитаниците сметаат дека се малку, а 22% дека не се воопшто религиски образовани. Кај православните 20% сметаат дека се религиски образовани, а 43% дека се донекаде образовани, додека кај муслиманите овие проценти се 36 и 40% следствено. На прашањето **Дали се интересирате или**

**сакате да дознаете нешто и за другите религии освен вашата,** 53% се изјасниле позитивно, додека 43% не се интересираат за останатите религии. Кај православните 62% се изјасниле позитивно, а 26% негативно, додека кај муслиманите 32% се изјасниле позитивно, а 64% негативно. Од одговорите на претходните две прашања може да се заклучи дека поголем дел од граѓаните се образовани или делумно религиски образовани, со тоа што процентот е повисок кај муслиманите отолку кај православните христијани. Со ова се потврдуваат и заклучоците кои произлегоа од одговорите на претходните прашања, односно дека муслиманите се повеќе запознаени и повеќе ја практикуваат својата религија. Сепак интересно е што иако над 50% од вкупниот број на испитаниците се изјасниле афирмативно во однос на желбата да се дознае нешто и за религијата на другиот, овој процент кај муслиманите е двојно понизок во однос на православните христијани. Оттука се поставува прашањето дали повисокиот степен на познавање и практикување на својата религија создава аверзија кон религијата на другите? Одговорот на ова прашање секако дека може да биде потврден во одреден степен, иако само делумно и можеби само во однос на желбата, но не и на de facto запознавање со религијата на останатиот, со оглед дека од друга страна токму кај муслиманските верници е поголем процентот на оние кои ја читале Библијата, отколку на христијаните кои го читале Куранот.

На прашањето **дали посветувате одредено време на религиско образование** 13% изјавиле да, секој ден, 13% изјавиле еднаш неделно, 10% еднаш месечно, 15% неколку пати годишно, додека високи 46% изјавиле дека воопшто не посветуваат време на религиско образование.




*Графикон 34*

Во однос на разликите во одговорите кај православните христијани и муслиманите, дополнително се потврди претходната констатација дека муслиманите сакаат и посветуваат повеќе време на религиско образование отколку христијаните. Имено, високи 40% од припадниците на исламската религија изјавиле дека секој ден посветуваат одредено време на религиско образование, а само 13% дека воопшто не посветуваат. Кај православните состојбата е обратна, односно само 5% изјавиле дека секој ден религиски се образуваат, додека високи 55% изјавиле дека воопшто не посветуваат време на религиско образование. Во однос на прашањето **Дали читате религиска литература** *(графикон 34)* повторно се забележува дека муслиманите се позаинтересирани за изучување на религијата, повеќе читаат литература со религиозни содржини, односно 37% изјавиле да, често и 26% да, понекогаш, додека 36% изјавиле дека не читаат религиозна литература. Кај христијаните само 9% изјавиле да, често и дополнителни 30% да, понекогаш, а високи 58% кажале дека воопшто не читаат литература со религиозна тематика. Вкупните проценти се 15% за да, често, 28% за да, понекогаш и 53% одговориле со не. На прашањето кое им беше поставено само на оние испитаници кои изјавиле дека читаат религиска литература, односно дали постоечката литература со која се изучува религијата е доволна за вашето едуцирање, 74% одговориле позитивно, а 16% сметаат дека литературата не ги задоволува нивните потреби за едукација, што е доволно да се заклучи дека постоечката религиска литература за најголем дел од граѓаните ги задоволува нивните потреби за религиозна едукација.




Графикон *35*

Последните три прашања од вториот дел на истражувањето беа наменети за да се детектира колку граѓаните се заинтересирани за религиозни теми,

од кој аспект, како и од каде најмногу се информираат за нив. На прашањето **дали ве интересираат религиски теми** *(графикон 35),* 35% од испитаниците одговориле со да и дополнителни 30% со да, донекаде, од што може да се претпостави дека поголем дел од граѓаните се заинтересирани за теми кои се однесуваат на религијата. Во однос на религиската припадност на испитаниците, потврден одговор на ова прашање дале 33% од христијаните и 44% од муслиманите, а донекаде се заинтересирани 34% од христијаните и 24% од муслиманите. Во однос на тоа од кој аспект ги интересира религијата, 60% од испитаниците изјавиле дека религијата ги интересира исклучиво од верски аспект, потоа 7% од политички, 21% од философски аспект и 5% ги интересира мистичниот аспект на религијата. Интересно во ова прашање е што за политичкиот аспект на религијата се определиле само 2% од христијаните, додека оваа бројка кај муслиманите е доста повисока, односно кај 24% од нив религијата ги интересира исклучиво од политички аспект. На прашањето од **каде најчесто се информирате за религија,** *(графикон 36)* 22% од испитаниците одговориле дека за религијата нејчесто се информираат од верски книги, потоа 27% од медиуми, 21% од интернет, 16% од пријатели и 8% од верски учители/духовници. Оттука може да се заклучи дека традиционалните медиуми и интернетот играат се поголема улога во религиозната едукација на верниците со оглед дека скоро половина од испитаниците или 48%, се информираат или од традиционални медиуми или преку интернет. Во одговорите на ова прашање процентите и кај муслиманите и кај православните христијани се слични.




*Графикон 36*

Третиот и финален дел од истражувањето се однесува на ставовите во однос на потребата од вклучување на религијата во образовниот процес, како и начинот на кој младите треба да бидат запознаени со теми и процеси поврзани со религијата. Вториот и третиот дел од истражувањето беа меѓузависни и основната претпоставка пред да започне истражувањето, а која се докажа по неговото спроведување беше дека ако родителите се запознаени или се едуцираат на религиозни теми, поверојатно е дека ќе сакаат и нивните деца да имаат одредено религиозно образование.




*Графикон 37*

Првото прашање од третиот дел беше **дали вие поддржувате или сте против во образовниот систем да има предмети во кои ќе се изучува религијата** *(графикон 37).* На ова прашање вкупно 69% од испитаниците или високи 71% од правосланите христијани и 73% од муслиманите одговориле потврдно, од што може да се заклучи дека повеќето граѓани поддржуваат изучување на религиите како дел од образовниот систем. Против биле 22% од испитаниците. Сепак, постои одредена дискрепанца кај ставовите во однос на тоа дали изучувањето на религиите треба да биде задолжително или факултативно. На прашањето **дали предметот преку кој ќе се изучува религијата треба да биде задолжителен или факултативен** *(графикон 38)* само 29% од испитаниците одговориле со задолжителен, а високи 56% со факултативен, што претпоставува дека испитаниците можеби поддржуваат изучување на религиите, но потребно е да се остави можноста учениците сами да одлучат дали ќе ја посетуваат или не, наставата по предметите во кои се изучува религијата. Кај ова прашање се забележува и сериозна подвоеност на ставовите




*Графикон 38*

помеѓу христијаните од кои 23% сметаат дека предметот за религија треба да биде задолжителен (64% се против) и муслиманите од кои дури 49% сметаат дека религијата треба задолжително да се изучува во училиштата (35% се против). Во однос на прашањето **од која возраст на децата би било најсоодветно да започнат изучување на религиите,** 20% одговориле меѓу 1-4 одделение, 30% од петто одделение, 19% од седмо и 18% во текот на средното образование. Во однос на прашањето **кој тип на запознавање на децата со религиите е најсоодветен** 37% од граѓаните сметаат дека би требало да се изучува класична веронаука, а 50% некој друг тип на предмети со фокус на религијата (17% историја на религии, 19% етика на религии и 14% запознавање на религии.

Во однос на **местото каде би требало да се изучуваат религиите,** односно дали тоа треба да биде во верски објект или на училиште, 27% од испитаниците сметаат дека тоа треба да биде верски објект (црква, џамија, синагога) и 60% дека децата треба да учат за религија на училиште. Во однос на ова прашање се забележува сериозна дискрепанца помеѓу испитаниците од православна и исламска вероисповест, бидејќи само 17% од христијаните сметаат дека религиските предмети треба да се изучуваат во верски објект (73% од православните се за религиите да се изучуваат на училиште), а кај муслиманите дури 60% сметаат дека предметите поврзани со религијата треба да се изучува во верски објект (26% изјавиле на училиште). На прашањето **дали вашите деца ги запознавате со религијата,** високи 87% изјавиле да, а само 10% не. *(графикон 39)*




*Графикон 39*

Последните четири прашања од истражувањето се однесуваа на улогата и ефектите кои се очекуваат од вклучувањето на предмети со религиозна содржина во образовниот процес. На прашањето **дали изучувањето на религијата во образовниот процес би претставувало интегративен или разединувачки фактор** кај децата, повеќето испитаници сметаат дека изучувањето на религијата би бил фактор на интеграција кај децата, односно високи 71% (75% кај православните и 71% кај муслиманите) одговориле дека изучувањето на религиите би бил интегративен фактор, а само 13% (7% кај православните и 19% кај муслиманите) дека тоа би бил дезинтегративен фактор. Во однос на тоа **која треба да биде главната улога на предметите со религиозна содржина** во образовниот процес 44% одговориле дека главната цел треба да биде изучување на сопствената религија, 22% сметаат дека треба да се учи за различностите и почитта кон поинаквите од себеси и 18% дека предметот треба да ги потенцира моралните аспекти на личноста. Во однос на тоа **дали преку религиското образование може да се промени или надогради воспитната компонента кај децата,** најголем дел од граѓаните или 80% сметаат дека изучувањето на религијата може или донекаде може (57% и 23% следствено) да помогне во воспитувањето на децата, а само 16% мислат дека малку или воопшто не може да помогне. Последното прашање од истражувањето беше дали религиското образование е повеќе проширување на светогледот (знаењето) или претставува индоктринација на децата. Високи 74% од граѓаните сметаат дека религиското образование би го проширило светогледот и знаењето, додека само 11% мислат дека тоа претставува одредена индоктринација кај децата.

## Религија и познавањето на светите книги (Библија и Куран)

Основната идеја која стоеше зад оваа анкета беше да се согледа степенот на компатибилност помеѓу перцепциите и ставовите на граѓаните околу нивната религиозна посветеност и познавањето на светите книги кои претставуваат основа за запознавање со секоја религија. Истражувањето беше спроведено во првата половина на декември 2018 година, како дел од проектот *„Македонија како мултиконфесионално општество.“*

Целта на истражувањето, беше да се утврди односот помеѓу перцепцијата на општеството  за религиозноста и степенот на познавање на религиозните учења, како и нивната перцепција околу слободата на практикување на религијата.

Првиот воведен дел од анкетата се состоеше од четири прашања за општата перцепција на граѓаните за религијата. За таа цел беа поставени прашања во контекст на тоа дали и која религија ја практикуваат испитаниците, нивното поимање на религијата и суеверието. Дел од овие прашања беа вклучени и во претходните истражувања, спроведени кон крајот на 2016 година, како и во 2017 и 2018, а со цел да се направи компарација на нивниот однос кон религијата претходно и сега, како и да се детектираат можните промени во ставовите во дадениот временски период.

Првото прашање во анкетата беше стандардното **На која религија и припаѓате,** кое се поставува со цел да се утврди различната религиозна припадност на вкупниот број испитаници. На ова прашање 73% (72% во претходната и 75% во анкетата од 2016) се изјасниле како православни и 24% (24% во претходната и 22% во анкетата од 2016) муслимани, додека католици или припадници на други религии биле 0,4% односно 0,3% следствено (0,2%, и 0,3% од испитаниците во претходната анкета). 3% (3% во претходната и 2% во анкетата од 2016) од испитаниците за себе сметаат дека се атеисти, односно не и припаѓаат на ниту една религија. Второто прашање од анкетата беше **Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на.** На ова прашање високи 43% (42% во претходната и 52% во анкетата од 2016) кажале дека се религиозни и дополнителни 42% (41% во претходната и 31% во анкетата од 2016) изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 14% (16% во претходната и во анкетата од 2016) од испитаниците. Кај православните овој процент е 12% (13% во претходната и 15% во анкетата во 2016), додека кај муслиманите 12% (14% во претходната

и 13% во анкетата од 2016). Овие бројки ја потврдуваат претпоставката произлезена од претходните истражување, дека Македонија е генерално религиозна држава и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија.




*Графикон 40*

На прашањето **дали за себе може да кажете дека сте суеверни** *(графикон 40)* високи 64% одговориле со да или донекаде да, од што може да зе заклучи дека голем дел од граѓаните на Македонија се суеверни. Сепак постои одредена разлика помеѓу припадниците на различни конфесии. Така на пример во однос на тоа дали се суеверни, кај граѓаните со православна вероисповест 57% се изјасниле потврдно, додека кај муслиманите овој процент е дури 91%. На прашањето **дали практикувате да постите,** што претставува еден од основните столбови на практикување на религијата и кај православните христијани и кај муслиманите, 62% се изјасниле со да и понекогаш, да. Кај православните христијани 54% од испитаниците (19% и 35% соодветно) изјавиле дека редовно или понекогаш постат, додека кај муслиманите овој процент е многу повисок, односно дури 94% (84% и 10% соодветно) одговориле потврдно.

Вториот дел од анкетата беше конструиран со цел да се добијат одговори на основната хипотеза на истражувањето, односно каков е соодносот помеѓу перцепциите и ставовите на граѓаните околу нивната религиозна посветеност, кои Македонија ја вбројуваат помеѓу државите со висок степен на религиозност кај населението и познавањето на светите книги кои претставуваат основа за запознавање со секоја религија. Затоа, следните прашања беа

поставени со цел да се открие колку претходните тврдења кои покажуваат висока религиозна свест кај граѓаните се поткрепени со самото практикување и познавање на религијата.




*Графикон 41*

Прашањата беа поделени во неколку групи, од прашања поврзани со базични познавања на религијата, до покомплексни прашања кои претставуваат извадоци од светите книги. На прашањата не им беа нудени можни опции од кои што треба да го изберат точниот одговор, туку се бараше од нив самите да го дадат одговорот за кои тие сметаат дека е точен. Затоа може да се заклучи дека во прашањата беше целосно исклучен факторот на точен одговор како последица на веројатноста од случаен избор на точниот одговор и врз база на одговорите може точно да се процени колкави се религиозните познавања на граѓаните




*Графикон 42*

Следното прашање беше поставено и во претходните анкети, односно **Дали сте ја читале библијата** (куранот за муслимани) или некои делови од неа. На ова прашање потврден одговор добивме од 54% (53% и 45% на претходните истражувања) од православните и 70% (67% и 81% во претходните истражувања) од муслиманите или вкупно 57% (55% и 53% претходно) од испитаниците.

На прашањето **во која религија Исус е централна фигура,** 87% го знаеле одговорот (христијанство), од кои 88% од православните и слични 87% од муслиманите. На прашањето **во која религија е Мухамед централна фигура,** (ислам) 79% одговориле точно, од кои 75% од православните христијани и 94% од муслиманите. На прашањето **дали знаете кога е роден Исус,** 39% одговориле точно (1 година н.е) од кои 35% од православ-




*Графикон 43*

Следните неколку прашања беа во одредена мера покомплексни од претходните базични прашања околу двете најголеми религии. Тие бе поделени во два дела, односно прашања поврзани со христијанството и прашања поврзани со исламот. Во првиот дел на испитаниците им беа поставени десетина прашања поврзани со христијанството. Првото прашање беше **кои се двата основни дела на Библијата** (Стар и нов Завет). На ова прашање 44% од граѓаните одговориле точно, односно 52% од христијаните и 19% од муслиманите. На прашањето **Која личност од Библискиот Стар завет го предводела егзодусот на Евреите од Египет** (Мојсеј) 25% од православните и 17% од муслиманите или 23% од сите испитаници, го дале точниот одговор. Следното прашање беше **која личност од Библискиот Стар Завет била подготвена да го жртвува својот син во името на Бог** (Аврам) 21% од пра-

вославните и 16% од муслиманите (20% од вкупно) одговориле со Аврам. На прашањето според традицијата, **кој ги напишал првите неколку книги од стариот завет,** 18% од граѓаните одговориле со Мојсеј, односно 20% од православните и 14% од муслиманите. На прашањето **колку евангелија има во Новиот Завет,** *(графикон 44)* точен одговор односно четири дале 21% од испитаниците, или 24% од православните и 13% од муслиманите. Следното прашање во истражувањето гласеше **Кои се имињата на овие четири евангелија** дадени според апостолите на Исус за кои се смета дека ги пишувале. На ова прашање, 18% од испитаниците го спомenале евангелието според Матеј (21% православни и 9% муслимани), евангелието според Марко го кажале 14% од испитаниците (17% православни и 8% муслимани), 16% (19% православни и 7% муслимани) го набројале и евангелието според Лука и 16% евангелието според Јован (19% православни и 7% муслимани).




*Графикон 44*

На прашањето **со што се прави светата причест во христијанството** како симбол на телото и крвта на Исус релативно високи 65% го дале точниот одговор (леб и вино), од кои 80% од испитаниците со православна вероисповест и 21% од испитаниците кои изјавиле дека и припаѓаат на исламската вероисповест.

Следното прашање беше интересно од аспект што се однесуваше на Мајка Тереза која е родена во Македонија и за која се достапни повеќе информации и постојат повеќе институции и објекти во Македонија кои се посветени на нејзината работа и живот. Затоа очекувањата беа дека повеќето испитаници ќе одговорат точно на прашањето **на која вероисповест и**

**припаѓала мајка Тереза**? (католичка) На прашањето одговориле точно 52% од испитаниците (се очекуваше процентот да биде повисок) од кои 48% православни и 66% муслимани.

Последните две прашања од делот поврзан со христијанството повторно беа базични и се однесуваа на самите основи на христијанската религија и затоа очекувањата дека повеќето испитаници ќе ги знаат одговорите се потврдија. На прашањето **Со кој празник се слави раѓањето Христово** *(графикон 45)* 85% од испитаниците одговориле со Божиќ, од кои 96% од православна вероисповест и 53% од муслиманите. На второто прашање, **со кој празник се слави Воскресението Христово,** 83% одговориле со Велигден, од кои 92% од православните и 52% од верниците со исламска вероисповест.




*Графикон 45*

Следната група на прашања беа поставени со цел да се детектира степенот на познавања поврзани со Исламот. На првото прашање **Преку кој ангел Бог (Алах) го објавил Куранот на Мухамед,** 27% одговориле со Гаврил/Џибрил, од кои само 9% од православните и високи 87% од муслиманите. На прашањето **кој е светиот месец на пост во Исламот**, 53% од православните и 97% од муслиманите одговориле Рамазан, или вкупно 63% од испитаниците го дале точниот одговор. На прашањето **кои се двете најголеми религиозни групи во исламот** (сунити/шиити), 12% од православните го дале точниот одговор, како и очекувано високи 84% од муслиманите или вкупно 29% од испитаниците. Следното прашање беше **како се нарекува прекинот на постот по зајдисонцето** за време на Рамазан (ифтар) На ова прашање

точно одговориле 41% од православните и 84% од припадниците на исламската вероисповест или вкупно 50% од анкетираните граѓани. Последното прашање од овој дел посветен на познавања на исламската религија беше **како се нарекува патувањето на Мухамед од Мека во Медина**, (*графикон 46*) што воедно претставува и почеток на исламското сметање на времето. (хиџра) На ова прашање само 8% од православните и високи 80% од муслиманите го дале точниот одговор.




*Графикон 46*

Во следните три прашања беше побарано од испитаниците да го дадат своето мислење околу положбата на жената според светите книги. На прашањето **дали Библијата ја става жената во подредена положба во однос на мажот** 30% од православните и 35% од муслиманите одговориле со да, додека на прашањето **дали Куранот ја става жената во подредена положба во однос на мажот** (*графикон 47*) 32% од православните и 13% од муслиманите дале потврден одговор. Од одговорите на овие две прашања може да се заклучи дека само околу една третина од испитаниците сметаат дека светите книги ја ставаат жената во подредена положба споредено со таа на припадниците на машкиот пол. Во последното прашање **на испитаниците им беше прочитан цитат од Библијата** „ако некој изврши прељуба со мажена жена или со жената на ближниот свој-да бидат убиени и двајцата" и беше побарано од нив да го дадат своето мислење од која света книга е извaден тој цитат. Одговорот на ова прашање го знаеле 23% од православните и 35% од муслиманите. Врз база на одговорите на ова прашање, за кое може да се претпостави и дека дел од испитаниците го дале точниот одговор врз база на веројатноста од случаен избор, може да се заклучи дека не повеќе од 20%

од вкупниот број на граѓани се поупатени, односно ја познаваат подетално содржината на светите книги.




*Графикон 47*

Доколку се анализираат одговорите на граѓаните во вториот дел на истражувањето, во однос на нивното познавање на религиозните обичаи и пред се познавањето на содржината на светите книги како основа на религиозните учења, може да се заклучи дека постои одредена дискрепанца помеѓу ставовите и перцепциите за религијата (според кои Македонија е држава со висока религиозност на населението) со практикување на истата односно со познавање на религијата, дефинирано како реална посветеност, препознавање на основните религиозни одредници и религиозно учење претставено пред се во содржината на светите книги како основа за запознавање со религијата. Оваа дискрепанца меѓу перцепции и практикување на религијата е позабележителна кај православните, отколку кај припадниците на исламската вероисповест кои во значително поголем процент имаат познавања пред се за својата, но и за религијата на другите. Околу 80% од муслиманите имаат релативно добри основни познавања на Куранот и обичаите, што е случај со околу 25-30% од православните и основните познавања на Библијата. Муслиманите исто така повеќе се запознати со Библијата или делови од неа, споредено со познавањето на Куранот и основите на Исламот од страна на православните верници.




Графикон *48*

Последните три прашања, односно третиот дел од истражувањето се однесуваше на перцепциите, однсно согледувањата на граѓаните околу слободата на вероисповест, односно слободно практикување на религијата. Првото прашање од третиот дел на истражувањето беше **според вас дали уставот ја ограничува или не ја ограничува слободата на вероисповест**. На ова прашање 12% од православните и 20% од муслиманите одговориле потврдно, односно вкупно 14% од испитаниците. Следното прашање беше **дали на вас некогаш ви била ограничена слободата на вероисповест** (*графикон 48*). Само 8% од православните и 14% од муслиманите или 9% од вкупниот број испитаници одговориле потврдно. Последното прашање од овој дел и последно во анкетата беше дали според вас **државата е подеднакво рамноправна кон сите верски заедници**. На ова прашање 61% од православните и 76% од муслиманите или вкупно 65% од испитаниците сметаат дека државата е целосно или донекаде рамноправна кон сите верски заедници, за разлика од релативно ниски 22% кои сметаат дека државата делумно или целосно не е рамноправна кон верските заедници.

Од одговорите на трите прашања од третиот дел, поврзани со перцепциите околу слободата на вероисповест и слободно практикување на религиите, може да се заклучи дека големо мнозинство од граѓаните сметаат дека уставот не ја ограничува слободата на вероисповест, многу мал процент сметаат дека на нив лично им била ограничена слободата на практикување на религијата и поголем дел смета дека државата е рамноправна кон сите верски заедници. Генерално постои позитивна перцепција кај јавното мнение во однос на овозможување на правото за слободно практикување на религиозни обичаи и слобода на вероисповест без ограничувања од страна на државата, како и за генерално еднаквиот однос на државата кон сите религии.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ОД ИСТРАЖУВАЊАТА

Од претходните истражувања и анализи произлегоа повеќе интересни заклучоци кои на некој начин можат да ги дефинираат перцепциите на граѓаните во повеќе клучни општествени сегменти преку призмата на религиозните убедувања, како и влијанието на религијата врз секојдневниот живот на поедининците, но и врз перцепциите и однесувањето на граѓаните кон одредени општествени процеси и степенот на влијание на религијата врз нивните одлуки. Истотака, преку овие истражувања, особено преку последното, може да се направи и компарација меѓу перцепциите за религијата и религиозноста со самите познавања на основните религиски толкувања и учења и на тој начин да се направи компарација помеѓу претпоставезниот или перцепиран степен на религиозност со реалните познавања и практикување на религиите. Овие заклучни согледувања за секој сегмент кој беше опфатен со спроведените истражувања се претставени во текстот подолу.

## Религија и дијалог

Од резултатите добиени со првото истражување произлегуваат неколку интересни заклучоци. Прво, се потврдува претпоставката произлезена од слични претходни истражувања, дека Македонија е генерално религиозна држава со оглед дека повеќето испитаници изјавиле дека се религиозни и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија (иако степенот на религиозност и познавањето на религијата е поголем кај муслиманите), но сепак, влијанието на религиозните учења во секојдневниот живот е доста помало. Перцепцијата за религиозност помеѓу населението се потврдува и на стандардното прашање кое се поставува во истражувањата на Евробарометар, на ниво на ЕУ, односно Дали верувате дека 1.Бог постои како што е напишано во библијата (или куранот за муслимани), 2. Бог не постои, но постои некоја виша сила или Не постои ни Бог ни виша сила, каде 69,2% се определиле за првата опција, 17,9% за втората и само 4,9% за третата опција. На Европско ниво, дека веруваат во Бог изјавиле 51% од испитаниците во Евробарометарот од 2010 година (специјален евробарометар бр. 341 од октомври 2010), во виша сила 26% и не веруваат во ништо 20%.

Во однос на мултирелигискиот аспект на државата, може да се заклучи дека иако граѓаните кои се припадници на двете најголеми религии во Македонија се религиозни и во помал или поголем обем ја практикуваат својата

вера, сепак релативно висок процент од нив нема проблем да комуницира со припадници на другите религии, односно постои висок степен на меѓурелигиска толеранција.

Во однос на идентитетските формации поврзани со религиозната и етничката припадност, може да се изведе заклучок дека за албанците во Македонија кои се доминантно муслимани, поважна е етничката припадност отколку религијата и обратно за православните Македонци е поважна религијата, отколку етникумот. Ова е сосема спротивно со претходните согледувања каде токму албанците муслимани повеќе ја познаваат и практикуваат религијата од православните македонци и според тоа логична би била претпоставката дека тие ќе и дадат предимство на религијата пред етничката припадност. Иако резултатите во однос на овие прашања покажуваат навидум контрадикторни заклучоци, доколку се земе во предвид создавањето на етничкиот и национален идентитет кај двете етнички групи, резултатите се сосема логични. Имено, причините за овие навидум спротивставени тврдења можат да се бараат во самата основа на идентитетската формација при креирање на етникумот, односно кај Албанците верата е изоставена со оглед дека има голем број на православни и католици, додека кај Македонците религијата е силно поврзана со креацијата и на етничкиот идентитет.

Од податоците добиени со истражувањето, може да се претпостави дека постои солидна интеракција помеѓу припадниците на двете најголеми конфесии во Македонија, иако е таа донекаде повеќе изразена кај православните христијани. Во однос на верските заедници, може да се заклучи дека иако повеќето верници имаат одредена доверба во своите верски заедници, сепак постои сериозен процент на верници, особено во случајот со муслиманите и ИВЗ, кои изгубиле или воопшто не стекнале доверба во својата верска заедница. Дополнително, според резултатите од истражувањето, ставот на повисок процент од верниците е дека верските заедници наместо да ги смируваат тие повеќе придонесуваат кон создавање на конфликти и поделба помеѓу луѓето врз база на верската припадност.

Кај релативно висок процент од верниците постои мислење дека верските заедници не работат доволно на меѓуверски соживот и напротив, тие поттикнуваат меѓуверски тензии. Сепак, однесувањето и ставовите на верските лидери за повеќето верници се од исклучително значење во градењето или следствено уривањето на меѓурелигискиот соживот и затоа може да се добие впечаток дека верските лидери имаат донекаде повисок авторитет од политичарите. Во однос на верската толеранција, православните верници

имаат повисока негативна перцепција од муслиманите во однос на степенот, односно нивото на моменталната меѓуверска толеранција. На прашањето дали сметате дека некој се обидува да ја урне меѓурелигиската толеранција во Македонија, потврдно одговориле 56,6% од православните и 46,7% од муслиманските верници.

## Религијата во политичките кампањи

Како и во минатото истражување, постои разлика помеѓу припадност и практикување на одредена религија, со оглед дека првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат дали религијата ќе ја практикуваат или не. Дека се религиозни одговориле високи 49,6% од испитаниците (52,4% минатата анкета) и дополнителни 29% (30,6% претходно) изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 21% (16,5% претходно) од испитаниците. Кај православните овој процент е повисок односно 21,9% (15,5 во претходното истражување, додека кај муслиманите 13,7% (12,5 претходно). Овие бројки ја потврдуваат претпоставката произлезена од претходното истражување дека Македонија е генерално религиозна држава.

Влијанието на религиозните учења во секојдневниот живот е доста помало, односно за 31,7% (25% претходно) тоа е големо, за 31,2% (30,3% претходно) донекаде големо, додека за 24,7% (27,7% претходно) е мало или религијата воопшто нема влијание за 10,5% (13,8% претходно). Кај муслиматите религијата има поголемо влијание во секојдневниот живот (71,7% големо и 21,5% донекаде големо) отколку кај христијаните (21,1% големо и 34,3% донекаде големо). Слично како претходното истражување, повеќето верници имаат одредена доверба во своите верски заедници, но сепак постои сериозен процент на верници, кои изгубиле или воопшто не стекнале доверба во својата верска заедница.

Во однос на религија и политика, релативно високиот процент на испитаници кои сметаат дека религијата е употребена во кампањата за последните избори (локални избори 2017) ја наметнува претпоставката дека политичките партии сметаат дека може да привлечат гласови, апелирајќи на религиозните чувства на граѓаните, иако во конкретниов случај станува збор за локални избори. Од одговорите на неколку прашања поврзани со користење на религијата во политиката се наметнува заклучокот дека политичките партии во своите кампањи се подготвени да користат инструменти кои се надвор од

политичката сфера, како што е религијата, иако политичката корист од ова е релативно мала. Сепак очигледно е дека за партиите секој глас е важен и дека можеби во Македонија основните инструменти за привлекување гласови веќе не се доволни, односно не го даваат посакуваниот ефект, па затоа се прибегнува кон дополнителни мерки за поврзување на партијата со новите потенцијални гласачи. Освен перцепцијата дека етничките албански партии, според граѓаните, повеќе ја користат религијата во изборните кампањи, се наметнува заклучокот и дека новите партии на етничките Албанци во поголем обем се фокусираат на религиозните чувства на своите потенцијални гласачи, сметајќи дека преку користење на религијата ќе успеат полесно и побрзо да се наметнат на политичката сцена. Со оглед на релативниот успех на овие две партии од нивното појавување на претходните парламентарни избори (декември 2016), очигледно е дека кај дел од етничките албански гласачи, религијата има одредено влијание во нивниот политички избор, иако сепак за повеќето од нив тоа не е доминантен фактор. Најголем дел од граѓаните сметаат дека користењето на религијата во кампањите претставува злоупотреба на религиозните чувства на граѓаните.

Испитаниците сметаат дека партиите влијаат на работата на верските заедници, како и тоа дека ги користат во свои политички цели. Доколку оваа перцепција остане, може да се случи намалување на довербата на граѓаните и верниците во своите религиозни заедници со оглед дека мнозинството во моментов сметаат дека им служат на политичарите. Дополнителен проблем претставува што граѓаните сметаат дека и верските храмови се користат за политичка агитација, со тоа што овој феномен е повеќе изразен за џамиите, отколку за црквите, иако и за двата типа светилишта процентот е релативно висок**.** На прашањето дали верските заедници сакаат или се принудени да соработуваат со партиите, може да се забележи поголема дискрепанца во одговорите на православните христијани и муслиманите, со оглед дека кај православните скоро е идентичен процентот на оние кои сметаат дека верските заедници се принудени, со оние кои сметаат дека самите верски заедници сакаат да се приближат до партиите, а за разлика од нив муслиманите во поголем процент сметаат дека заедниците се принудени да соработуваат со политичарите 51,1%, наспроти оние кои сметаат дека самите заедници бараат одредена блискост со политиката 21,5%.

За поголем дел од христијаните споменувањето на бог на политички митинг е несоодветно, додека кај муслиманите е обратно. Овие одговори на некој начин ја објаснуваат и перцепцијата на испитаниците за претходните прашања, во однос на поголемото користење на религијата кај етничките албан-

ски партии, како и на повисокиот процент на граѓаните кои изјавиле дека џамиите повеќе се користат како места за политичка агитација. Од друга страна и на христијаните и на муслиманите им пречи јавно (пред камери) практикување на верата од страна на политичарите. Иако генерално за граѓаните не е прифатливо верските лидери јавно да кажуваат политички ставови, ова е сепак поприфатливо за муслиманите, отколку за христијаните. Слично е и со одговорите на другите слични прашања каде е повисок процентот на муслимани кои одговориле дека има политички пораки во јавните настапи на верските лидери, а особено оваа дискрепанца се забележува во одговорите во однос на употреба на политиката во верските проповеди. Ова наведува на заклучок дека политиката е повеќе присутна во делувањето (јавен настап и проповеди) на муслиманските верски лидери, отколку кај православните, иако и за самите муслимани донекаде тоа е поприфатливо, отколку за православните христијани.

Финално, од истражувањето за користењето на религијата во политичките кампањи, може да се согледа негативната перцепција на испитаниците во однос на придонесот на партиите кон создавање на поголема верска нетрпеливост и омраза меѓу граѓаните.

## Религија-Политика-Општество

### -влијанието на религијата во политиката и општеството-

Според повеќето анкетирани граѓани, двете најголеми верски заедници имаат влијание врз политиката. Влијанието на ИВЗ врз одредени аспекти на политиката е поголемо од тоа на МПЦ. Сепак, не може да се заклучи дека ИВЗ е повлијателна од МПЦ во политичките процеси во Македонија на генерално ниво, туку дека влијанието на ИВЗ врз политичкиот сегмент во кој се вклучени муслиманите е поизразено, отколку на МПЦ во политичкиот сегмент во кој се вклучени христијани. Влијанието на ИВЗ во политиката можеби е поинтензивно, но тоа се однесува на помал дел од општеството, односно влијае на политиката која се обраќа претежно на муслиманите како помал општествен сегмент.

Во однос на верските права и слободи, висок процент од граѓаните сметаат дека верските права и слободи во Македонија се почитуваат, иако постои перцепцијата дека религијата не е одвоена од државата, барем не целосно. Поставување на камен темелник или отворање на државна институција, православните го перцепираат како директна поврзаност на религијата и поли-

тиката и се противат на оваа практика, додека кај муслиманите тоа не е случај што може да имплицира дека перцепцијата за поврзаност на религијата и политиката е поинаква. Дел од населението смета дека едната или другата од најголемите две религиозни заедници во земјата се фаворизирани во однос на другите, но сепак поголемиот дел од испитаниците сметаат дека државата не фаворизира ниту една верска заедница.

Во однос на неполитичкото делување на верските заедници, граѓаните во најголем дел ги поддржуваат социјалните и хуманитарни активности на верските заедници во општеството. Дополнително, висок процент сметаат дека религиозните заедници не се доволно хумани од аспект на помош кон општествените категории кои за тоа имаат потреба. Огромен дел од испитаниците сметаат дека и религиозните заедници покрај државата треба иницираат и да се вклучат во изградба на болници за социјално загрозени, како и во домови за деца без родители.

Во однос на меѓуцрковните спорови, граѓаните ја поддржуваат МПЦ во спорот со СПЦ за прашањето околу добивање автокефалност. Тие сметаат дека токму СПЦ треба да биде првата црква која ќе ја признае оваа автокефалност со цел да се надмине проблемот кој го има СПЦ со МПЦ-ОА. МПЦ-ОА треба повеќе да се вклучи во едукација на граѓаните во обид појасно да го дефинира поимот мајка црква, со цел да се избегнат погрешни толкувања и создавање на ставови базирани на погрешни толкувања. Македонските православни верници ја поддржуваат МПЦ-ОА и се против црквата на Јован Вранишковски. Голем дел од верниците се против дозвола за регистрација на ПОА, дури и против обединување на двете цркви во случај Српската црква да ја признае автокефалноста на МПЦ-ОА.

Огромен дел од граѓаните ги поддржуваат бадникарските поворки на децата, но исто така постои исклучително спротивставено и поделено мислење околу тоа дали ваков тип на манифестации, односно во случајот бадникарските поворки, треба да вклучуваат организирана интеракција со политиката.

Иако поголем процент од муслиманите се против регистрацијата на Бектешите во Кичево и иницијативата за нивна регистрација во Тетово, сепак доста висок процент ги поддржуваат. Перцепциите на граѓаните каде според поголем дел од нив има присуството на верски радикализам во Македонија се загрижувачки и затоа е потребна засилена едукација на граѓаните, како од државата, така и од самите верски заедници За големо мнозинство на граѓани во Македонија има доволно верски објекти. За мнозинството од граѓаните градењето на нови храмови е повеќе во функција на обележување на територии отколку поради потребата од нови верски објекти.

## Образование и религија

И во ова истражување се потврди претпоставката дека Македонија е генерално религиозна држава и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија, иако слично со претходните истражувања, влијанието на религиозните учења во секојдневниот живот е доста помало. Во однос на претходното истражување од 2016, може да се забележи дека има зголемување на процентот на оние граѓани кои изјавиле дека религијата има големо влијание во нивните животи, пред се кај припадниците на православната христијанска религија. Се потврди и претпоставката дека Македонија е држава со релативно висок процент на влијание на религијата во секојдневниот живот, иако тоа е поизразено кај муслиманите, отколку кај православните христијани.

Муслиманите се повеќе запознаени и ја практикуваат својата религија од православните христијани, иако споредено со истражувањето од 2016 година се забележува одредено зголемување кај православните христијани кои ја читаат библијата и редовно одат во црква.

Иако над 50% од вкупниот број на испитаниците се изјасниле афирмативно во однос на желбата да се дознае нешто и за религијата на другиот, овој процент кај муслиманите е двојно понизок во однос на православните христијани. Оттука се поставува прашањето дали повисокиот степен на познавање и практикување на својата религија создава аверзија кон религијата на другите? Одговорот на ова прашање секако дека може да биде потврден во одреден степен, иако само делумно и можеби само во однос на желбата, но не и на de facto запознавање со религијата на останатиот, со оглед дека од друга страна токму кај муслиманските верници е поголем процентот на оние кои ја читале Библијата, отколку на христијаните кои го читале Куранот.

Муслиманите сакаат и посветуваат повеќе време на религиско образование отколку христијаните. Се забележува дека муслиманите се позаинтересирани за изучување на религијата, повеќе читаат литература со религиозни содржини. Од добиените резултати се добива впечатокот дека постоечката религиска литература за најголем дел од граѓаните ги задоволува нивните потреби за религиозна едукација.

Поголем дел од граѓаните се заинтересирани за теми кои се однесуваат на религијата. Притоа 60% од испитаниците изјавиле дека религијата ги интересира исклучиво од верски аспект, потоа 7% од политички, 21% од филозофски аспект и 5% ги интересира мистичниот аспект на религијата. Интересно

во ова прашање е што за политичкиот аспект на религијата се определиле само 2% од христијаните, додека оваа бројка кај муслиманите е доста повисока, односно кај 24% од нив религијата ги интересира исклучиво од политички аспект.

Може да се заклучи дека традиционалните медиуми и интернетот играат се поголема улога во религиозната едукација на верниците со оглед дека скоро половина од испитаниците или 48%, се информираат или од традиционални медиуми или преку интернет.

Повеќето граѓани поддржуваат изучување на религиите како дел од образовниот систем. Сепак, испитаниците можеби поддржуваат изучување на религиите, но потребно е да се остави можноста учениците сами да одлучат дали ќе ја посетуваат или не, наставата по предметите во кои се изучува религијата. 37% од граѓаните сметаат дека би требало да се изучува класична веронаука, а 50% некој друг тип на предмети со фокус на религијата (17% историја на религии, 19% етика на религии и 14% запознавање на религии. Помал број, односно 27% од испитаниците сметаат дека религијата треба да се изучува во верски објект (црква, џамија, синагога), а повеќето, односно 60% дека децата треба да учат за религија на училиште.

Повеќето родители ги запознаваат своите деца со религијата, односно на прашањето дали вашите деца ги запознавате со религијата, високи 87% изјавиле да, а само 10% не. Истотака, повеќето испитаници сметаат дека изучувањето на религијата би бил фактор на интеграција кај децата. 44% од испитаниците одговориле дека главната цел треба да биде изучување на сопствената религија, 22% сметаат дека треба да се учи за различностите и почитта кон поинаквите од себеси и 18% дека предметот треба да ги потенцира моралните аспекти на личноста. Најголем дел од граѓаните или 80% сметаат дека изучувањето на религијата може или донекаде може (57% и 23% следствено) да помогне во воспитувањето на децата. Високи 74% од граѓаните сметаат дека религиското образование би го проширило светогледот и знаењето, додека само 11% мислат дека тоа претставува одредена индоктринација кај децата.

Во истражувањето за религијата и образованието, вториот и третиот дел од анкетата беа меѓузависни и основната претпоставка пред да започне истражувањето, а која се докажа по неговото спроведување беше дека ако родителите се запознаени или се едуцираат на религиозни теми, поверојатно е дека ќе сакаат и нивните деца да имаат одредено религиозно образование.

## Религија и познавањето на светите книги (Библија и Куран)

Во прашањата од воведниот дел на истражувањето за религијата и познавањето на светите книги, произлегува заклучокот дека поголем дел од граѓаните се суеверни, односно кај граѓаните со православна вероисповест 57% се изјасниле потврдно, додека кај муслиманите овој процент е дури 91%. Повторно се потврдува тезата дека Македонија е генерално религиозна држава и тоа важи како за христијаните, така и за верниците кои се припадници на исламската религија.

Во однос на постот како дел од практикување на религијата, кај православните христијани 54% од испитаниците (19% и 35% соодветно) изјавиле дека редовно или понекогаш постат, додека кај муслиманите овој процент е многу повисок, односно дури 94% (84% и 10% соодветно) одговориле потврдно.

Постои одредена дискрепанца помеѓу ставовите и перцепциите за религијата (според кои Македонија е држава со висока религиозност на населението) со практикување на истата односно со познавање на религијата, дефинирано како реална посветеност, препознавање на основните религиозни одредници и религиозно учење претставено пред се во содржината на светите книги како основа за запознавање со религијата. Оваа дискрепанца меѓу перцепции и практикување на религијата е позабележителна кај православните, отколку кај припадниците на исламската вероисповест кои во значително поголем процент имаат познавања пред се за својата, но и за религијата на другите.

Околу 80% од муслиманите имаат релативно добри основни познавања на Куранот и обичаите, што е случај со околу 25-30% од православните и основните познавања на Библијата. Муслиманите исто така повеќе се запознати со Библијата или делови од неа, споредено со познавањето на Куранот и основите на Исламот од страна на православните верници.

Како финален заклучок од последниот сет на прашања во истражувањето, произлегува дека големо мнозинство од граѓаните сметаат дека уставот не ја ограничува слободата на вероисповест, многу мал процент сметаат дека на нив лично им била ограничена слободата на практикување на религијата и поголем дел смета дека државата е рамноправна кон сите верски заедници. Генерално постои позитивна перцепција кај јавното мнение во однос на овозможување на правото за слободно практикување на религиозни обичаи и слобода на вероисповест без ограничувања од страна на државата, како и за еднаквиот однос на државата кон сите религиозни деноминации.

* * *

Еден од основните заклучоци кој произлегува од податоците добиени од сите претходни пет истражувања, спроведени во период од две години е дека според перцепциите на граѓаните и нивното поимање за религијата, Македонија е изразито религиозна држава каде најголем дел од населението за себеси смета дека е религиозно и дополнително поголем дел од нив изјавуваат дека се суеверни. Сепак, постои дискрепанца помеѓу перцепциите и реалното познавање на светите книги и практикување на религијата, разлика која е позабележителна кај православните, отколку кај припадниците на исламската вероисповест.

Така на пример, само околу четвртина од православните верници имаат основно познавање на Библијата и тоа на прашања од типот колку евангелија има во новиот завет или кои се тие. Сличен е и процентот на православните верници кои посетуваат верски храм барем еднаш во месецот (околу 30%). Создавањето на дискрепанца помеѓу поимањето и перцепцијата за религиозност со самото практикување на религијата и познавањето на светите книги кои де факто ја дефинираат посветеноста кон одредена религија, може да се претпостави дека е поврзана со самата генеза на националниот идентитет во кој религијата играла голема улога, како од самиот духовен, така и (или пред се) од културно-историскиот аспект, со оглед дека голем број на културно-историски одредници и ликови кои го дефинираат македонскиот идентитет, на некој начин се поврзани со православното христијанство.

Ова не е изолиран случај, бидејќи и европските, но пред се повеќето други балкански држави својот идентитет го дефинирале со вклучување на силни религиозни христијански аспекти, особено како контраст на многувековното присуство на отоманската муслиманска империја на овие простори, во која сите балкански нации влегувале како нејзин составен дел. Затоа при создавањето на националниот идентитет, религијата била можеби најсилната компонента која е вградена во националната идентитетска формација и со која ќе се направи разлика помеѓу новосоздадените нации (држави) и поранешната империја. Исклучок од ова правило се Албанците, кои со оглед на непостоењето на една доминантна религија која ќе ја симболизиран новата нација, при креацијата на својот идентитет ја имаат изоставено религијата како врзивно ткиво на нацијата. Затоа, за етничките албанци кои иако во Македонија се доминантно муслимани, многу е поважна е етничката припадност отколку религијата и обратно, за православните Македонци е поважна религијата, отколку етникумот. Само доколку се земе во предвид погоре

кажаното нема да изненади фактот дека и покрај себепрокламираната религиозност и поставувањето на религиозната пред етничката компонента на идентификација кај македонците, сепак албанците муслимани многу повеќе ја познаваат и практикуваат својата религија, отколку што е тоа случај со православните македонци.

Сепак и покрај можеби недоволните религиозни познавања, поголем дел од граѓаните се заинтересирани за теми кои се однесуваат на религијата. Тука, традиционалните медиуми и интернетот играат се поголема улога во религиозната едукација на верниците, кои ги ставаат духовниците и посетата на храмовите во втор план. Дополнително, повеќето граѓани поддржуваат изучување на религиите како дел од образовниот систем, иако во поголем процент факултативно. Истотака, повеќето родители ги запознаваат своите деца со религијата и сметаат дека изучувањето на религијата може да помогне во воспитувањето на децата и во проширување на нивното знаење и светоглед.

Во Македонија постои солидна интеракција помеѓу припадниците на двете најголеми конфесии и висок процент од граѓаните нема проблем да комуницира со припадници на другите религии, односно постои висок степен на меѓурелигиска толеранција. Сепак според резултатите од истражувањето, впечатокот на повисок процент од верниците е дека верските заедници наместо да ги смируваат, тие повеќе придонесуваат кон создавање на конфликти и поделба, со оглед дека однесувањето и ставовите на верските лидери за повеќето верници се од исклучително значење во градењето (или уривањето) на меѓурелигискиот соживот. Во однос на неполитичкото делување на верските заедници, граѓаните во најголем дел ги поддржуваат нивните социјални и хуманитарни активности.

Што се однесува на надворешните влијанија и меѓуцрковни спорови, граѓаните во целост ја поддржуваат МПЦ во спорот со СПЦ и се против црквата на Јован Вранишковски.

Поголем дел од граѓаните сметаат дека религијата се употребува во политички кампањи што ја наметнува претпоставката дека политичките партии ја користат религијата за привлекување на гласови што е особено изразено кај етничките албански партии, кои во поголем обем се фокусираат на религиозните чувства на своите потенцијални гласачи. Причината за ова е што кај дел од етничките албански гласачи, религијата има одредено влијание во нивниот политички избор. Сепак, најголем дел од граѓаните сметаат дека користењето на религијата во кампањите претставува злоупотреба на рели-

гиозните чувства, како и дека партиите со своите активности придонесуваат кон создавање на поголема верска нетрпеливост.

Дел од македонските граѓани сметаат дека религијата не е целосно одвоена од државата како и тоа дека градењето на нови храмови е повеќе во функција на обележување на територии отколку поради потреба од нови верски објекти. Сепак особено е значајно тоа што за најголем дел од нив верските права и слободи во Македонија се почитуваат.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

2:32(497.7)(047.31)
2:37(497.7)(047.31)
316.323.6:2-022.218(497.7)(047.31)

БОЖИНОВСКИ, Владимир
Македонија како мултиконфесионално општество : перцепции за влијанието меѓу религијата и државата / [автори Владимир Божиновски, Марјан Николовски]. - Скопје : Фондација Конрад Аденауер, 2019. - 78 стр. : граф. прикази ; 21 см

ISBN 978-608-4648-45-1
1. Николовски, Марјан [автор]
а) Религија и политика - Македонија - Истражувања б) Религија и образование - Македонија - Истражувања в) Македонија - Мултиконфесионално општество - Истражувања
COBISS.MK-ID 109777418